## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Првото продолжение на Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 ноември 2005 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по 114-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Ванчо Ѓорѓиев, Абдуладi Вејсели, Љубе Бошковски, Петар Нумовски, Никола Груевски и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по утврдувањето на Предлогот на амандманите.

Продолжуваме со Амандманот 22, со оглед на тоа што во текот на вчерашниот ден ги утврдивме амандманте 20 и 21.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот 22 го рачунаме како еден од поспорните амандмани, поточно амандман за кој што во текот на целата расправа, во расправата и по првата и по втората, значи и по текстот на уставните амандмани ние како пратеничка група бевме против. Но, нашите забелешки не се прифатени и текстот на Амандманот сеуште опстојува онака како што беше во втората фаза, со една мала измена.

За што станува збор? Амандманот 22 се однесува на членот 84 од Уставот, на алинеја 5 каде што досегашниот термин "Претседателот на државата предлага двајца членови на РРС", сега се заменува "именува двајца членови на Судскиот совет на Република Македонија ".

Терминолошки, можеби замената во еден збор, предлага и именува, меѓутоа во суштина тоа е голема промена. Со тоа што Претседателот на Државата со ваквиот предложен амандман добива функција на директно именување на членови во Судскиот совет, значи од вкупниот број 15, како што е во Амандманот 28, овде, во овој Амандман 22 се дава уставна основа да Претседателот на Државата директно именува двајца членови. Ние тоа го разбираме, односно предлагачот, поточно Владата на Република Македонија се потруди да ни го објасни тоа на начин дека постои еден сооднос, еден сразмер, принцип на подеднаква застапеност на законодавната и извршната власт во делот на именувањето на членовите на Судскиот совет, така што тројца членови на Судскиот совет ќе ги именува Собраниеот и тројца би биле вкупно од страна на Владата, со тоа што двајца директно би именувал Претседателот на Државата како дел од извршната власт, а еден член во Судскиот совет влегува директно по функција. Тоа е министерот за правда. Согласно некој паритет би требало, според објаснувањето на предлагачот да по тројца членови имаат рамноправно застапени, за да имаат некој сразмер.

Тоа мислење, тоа образложение ние не го делиме. За нас, како пратеничка група не е спорно да извршната власт има свој член во рамките на Судскиот совет со тоа што министерот за правда би бил по функција. Но, ми се чини, а не дека ми се чини, но сум сигурен, убеден сум дека со зголемувањето на ингеренциите на Претседателот на Државата каде Што директно добива позиција да именува двајца членови на Судскиот совет сметаме дека на овој начин се излегува од уставната рамка на Уставот, затоа што во Уставот не случајно е предвидено, во моментот кога е креиран и кога се носел Уставот, да Претседателот, како дел од извршната власт биде предлагач на вакви членови во Судскиот совет.

Ако со внимание го погледнеме членот 84, ќе видите дека Претседателот на Државата во најголем број на случаеви, скоро во сите случаеви освен во еден или два е предлагач на членови. Само во еден или два случаеви именува и тоа оние функции штокако Врховен командант ги има, согласно Уставот, а кое нешто е неспорно.

Според тоа, логично е да се постави прашањето од каде наеднаш произлезе потребата да Претседателот на Државата добие некои поголеми уставни функции.

(Џагор во салата)

Потпретседателе, ќе ве молам за внимание и од вас и од другите пратеници, затоа што навистина нема услови за дискусија. Јас сметам дека е ова сериозна материја и ако треба да се дебатира, да се дебатира во една нормална атмосфера.

(Потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Логично е да се постави прашањето од каде одеднаш се стекнаа услови или од каде произлезе потребата да сега Претседателот на Државата одеднаш добие некоја поголема уставна позиција, затоа што со неговото директно именвување на двајца членови на Судскиот совет, според нас, според нашата пратеничка група, сметаме дека е тоа веќе директно мешање во рамките на третата власт од страна на Претседателот на Државата. Јас не сакам да ја мешам функцијата или позицијата на Претседателот на Држава во однос на личноста. Овде не станува збор дали Претседател на

Државата е Бранко Црвенковски или некој друг или можеби Есад Рахиќ, не станува збор за личноста, затоа што станува збор за функција. Ако во моментот кога сте го донесувале Уставот и во тој Устав сме предвиделе дека носители на власта, дека власта е поделена на три нивоа: законодавна, извршна и судска, и ако во таквата поделба на власта се искреирало да главниот носител сепак, бидејки станува збор за парламентарна демократија, е Собранието на Република Македонија, како директен претставнички дом на граѓаните, тогаш е јасно дека од таквата позиција, од претставничкиот дом, од законодавната власт произлегува и извршната власт. Значи, Собранието е тоа што ја бира, именува и разрешува извршната власт, јасно е тука дека извршната власт е орган што треба да ја извршува онаа задача што Собранието овде Ќе ја донесе во вид на закон или во вид на устав.

Бидејки Претседателот на Државата е дел од извршната власт, тоа е неспорно, во Уставот е така утврдено, со свои ингиренции, во делот на меѓународната политика, во делот на она што значи шеф на држава, во делот на она што значи именвуање на амбасадори и тн. и т.н и како Врховен командант на Република Македонија, со јасно определени надлежности во Уставот на Република Македонија што опстојува, еве 15 години. Мислам дека уставната рамка е навистина правилно определена, правилно утврдена и Македонија, како држава, функционира 15 години без некој проблем во делот што значи поделба на власта.

Сега, не ми е јасно зошто одеднаш се укажа потреба да се зголмат ингеренциите на Претседателот на Државата, дирекно да именува двајца членови на Судскиот совет. Сакам да напомнам дека оваа реформа што сега се прави, преку овој член, основната цел е деполитизирање или осамостојување на изборот на судиите, поточно на судската власт и ако веќе одиме во насока на намалување на политичкото влијание, значи да може судската власт сама да одлучува за своите проблеми, за својот избор на судиите, за разрешувања и т.н., нема логика сега одеднаш, на една институција, на дел од извршната власт како што е Претседателот на Државата, одеднаш да му ги зголемиме ингеренциите. Нема. Затоа што на тој начин, според мене, според ВМРО-Народна партија тоа е дирекно мешање во институциите, односно во судската власт. Да споредам она што во текот на комисиската расправа произлегуваше, одредени колеги се потрудија да објаснат дека Претседателот на Државата е личност, поточно институција што се бира на непосредни избори и дека како таква, бидејки излегува пред граѓаните има апсолутно легитимитет да дирекно именува членови во Судскиот совет, тогаш ако таа теза јаземеме за исправна, тогаш треба сериозно да размислиме дали тука ќе завршат областувањата на Претседателот на Државата, затоа што врз основа на таквата теза можеме овде да поведеме расправа дека на Претседателот на Државата, согласно тој легитимитет што го ужива на непосредни избори, треба да му дадеме и поголеми други овластувања, не само да именува двајца членови на Судскиот совет. Можеме да поставиме прашање дали треба и поголем дел од извршната власт да премине во рацете на Претседателот на Државата ?

Според тоа, таа теза, за мене, не држи. Некој дури отиде подалеку, да Претседателот на Државата, како институција на непосредни избори дури има повеќе легитимитет од пратениците, односно пратеникот како поединец и дека во таа ситуација ние сме немале право да го оспоруваме, односно треба да бидеме рамноправни застапени со институцијата Претседател како институција Собрание на Република Македонија. Не се согласувам и со тоа, затоа што и праксата и сите овие години покажале дека легитимитетот на Собранието застапено преку сите 120 пратеници, секој пратеник поединечно со своите гласови но и сите вкупно се далеку поголеми и далеку поголем легитимитет е отколку што тоа го има Претседателот.

На крајот на краиштата, не би сакал да влегувам во вакви тези или вакви размислувања, затоа што е многу јасно што значи парламентарна демократија и многу е јасно што значи претседатлски систем на држава. Ние, во овој Устав сме зацртале дека Република Македонија е парламентарна демократија односно парламентарна држава и како таква треба да ја развиваме. Според тоа, нема потреба да одиме по правец што дирекно значи на извесен начин напуштање на уставната рамка.

Меѓутоа, морам на некој начин да го поврземе, од каде наеднаш произлезе потребата за оваа работа, за овој Амандман и ако цело време обрнуваме внимание, и во текот на претходните расправи, познато ни е дека сегашниот Претседател на Државата, господинот Бранко Црвенковски и со непостоењето на ваква одредба, со непостоење на еден ваков член односно амандман што не некој начин дава дирекно учество во креирањето на судската политика и власт, тој се обиде на некој начин и при самото креирање на уставните амандмани, па дури и другите прашања што немаат никаква поврзаност со неговата надлежност да на неколку пати изигруваше личност што требаше да направи нешто во рамките на овие уставни промени, па дури организираше одредени собири, наметнуваше свои решенија и размислувања што овде како пратеници ги имаме.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски, морам да ве прекинам.

Претседателот на Државата има право да си даде мислење по однос на одредени прашања во државата. Да дискутираме за она што е сега точка на дневен ред. Оставете го неговото лично мислење, како настапува како Претседател.

Продолжете.

**Жарко Караџоски:** Па тоа го зборувам потпретседателе.

До нас, пратениците достави свои размислувања. Зборувам за институцијата Претседател. Не зборувам за личноста.

Ние, како пратеници, добивме одредени забелешки, во тие забелешки покрај она што се залагаше институцијата Претседател, се залагаше за самостојност на судството, за трајниот мандат да остане, да не потсетувам на сето она што беше напишано, во ниту една реченица, во ниту една забелешка немавме да има некоја забелешка во делот на именвуањето, односно на овој амандман.

Според тоа, не можеме да го избегнеме и да не го кажеме тоа, а да не го поврземе со нормалнио тек што се одвива. Ова го зборувам со цел да ја потврдам тезата што сметаме дека предлагачот, на некој начин, прави отстапка, затоа што е извршен одреден притисок. Тоа не може да се измени, затоа што јас тврдам, не само јас, поголем број на пратеници, а тоа ќе го видите и по амандманите што се поднесени, дека овој амандман не се со цел да ја реформира судската власт во правецот во кој што е зацртано, односно да правиме самостојна и независн аинституција од власта, туку е со цел, конкретно овој амандман да задоволи нечии апетити. Можеби сега, а можеби и во иднина. Според тоа е неодржлив. Тоа е аргументот што сакав да го кажам, и што сум го повторувал во повеќе наврати.

За да не се сфатиме погрешно, во јавноста произлезе господине потпретседателе дека одредена група пратеничка или повеќе пратенички групи, заради личноста на Претседателот не сакаат да подржат еден ваков амандман. Затоа сум должен да објаснам дека не е во прашање ниту личноста, туку е во прашање институцијата, во прашање е тоа што ние сметаме дека на тој начин директно се навлегува во самостојноста на судската власт.

Инаку, само низ еден практичен пример да поставиме, ако Претседателот на Републиката го задржи сегашниот, значи сегашниот статус во делот на предлагањето на членови на Судскиот совет, можеме да дојдеме до поквалитетни, постручни и т.н. личности, затоа што Претседателот ќе мора да води сметка какви луѓе односно какви членови на Судскиот совет предлага. Затоа што мора да направи консензус, мора да разговара со сите политички субјекти застапени во Собранието ако сака тој предлог да помине. Заради тоа ќе мора да води сметка и за авторитетот на луѓето кои ги предлага и за нивната стручност и за она што овде, во понатамошните амандмани е напишано, во делот на професорите и т.н., во делот на адвокатите и сите оние кои значат некакви познати и врвни експерти.

Според тоа, таа можност дава поголема транспарентност и дава поголемо учество на сите политички фактори за да дојдеме навистина до квлаитетни членови во Судскиот совет, за да го направиме она што ни е основна цел.

Ако вие сега на Претседателот му дадете можност да директно именува членови на Судскиот совет, тој не мора да ме консултира ни мене, ни вас, ни една политичка партија застапена во Собранието. Може да именува онакви какви што тој сака и како што нему му одговара.

Дали тоа значи дека е тој толку компетентен, како институција, покомпетентен, поквалификуван да оценува дали е некој стручен или не во зависност од целото Собрание, од сите политички субјекти во Република Македонија, јас велам дека тоа не е така. Заради тоа е нашиот предлог што во текстот на расправата по овој амандман ќе кажеме да се замени зборот "именува" со "предлага", поточно да се избрише целиот овој член.

Или друга една работа што мора исто така да се потенцира. Која би била одговорноста или која би била благодарноста на тие двајца именувани директно од Претседателот, кога треба да се запрашаме сите дали во една таква ситуација тие ќе ја обавуваат самостојно и независно својата работа? Обврската е преголема и преголема е благодарноста да имате на еден човек отколку да имате на Собранието, што овде може да гласа со за или со против и т.н. На крајот на краиштата, може да се расправа и да се дојде до одреден консензус.

Значи, сите овие аргументи сакаме да се слушнат, сакаме да се елаборураат и од страна на другите пратеници за да, кога ќе дојдеме понатаму да нашиот амандман што е поднесен на овој текст, да не се свати дека пратеничката група, заради одредена личност, пратеничката група на ВМРО-Народна партија, заради одредена личност или заради некаков инает поднесува нешто што не е аргуемнтирано.

Заради сето ова почитуван потпретседателе, почитувани колеги ние овој Амандман, вака формулиран нема да го гласаме. До колку се прифати нашиот Амандман тоа ќе биде сосема друга приказна. Но, вака формулиран нема да го гласаме. Тоа го кажуваме јавно за да претставникот на Владата знае да се изјасни до крајот на расправата по овој Амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Госпоѓо Ристова барате реплика?

Три минути реплика за пратеникот Ристова Каролина.

Повелете госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Најпрво колегата Караџоски го разбрав дека по овој амандман треба да размениме аргументи, што навистина ги има и на едната и на другата страна, меѓутоа, за сегашниот амандман има повеќе аргументи кои што ќе излезат од дебатата, меѓутоа, не ни

сакаат да ги сослушаат другите аргументи, но за сето тоа ќе зборувам во дискусијата кога ќе се пријавам. Сега само сакам да реплицирам во интерес на граѓаните да не ги доведуваме до заблуда, а целата аргументација на колегата Караџоски е базирана на некаква дефиниција на Република Македонија во Уставот како парламентарна демократија. Нека ми каже колегата Караџоски во кој член тоа е така дефинирано, бидејќи нашата држава во членот 1 од Уставот е дефинирана како демократска држава, а потоа ако ги земеме севкупноста на сите одредби, ќе се види дека Македонија е претежно парламентарна демократија, меѓутоа, со примеси на други политички системи, што е карактеристично за полупретседателски и претседателски и собрание кое што не може да биде распуштено од страна на извршната власт, што е карактеристика на таканаречениот собраниски систем на политички системи.

Значи, аргументот дека непосредниот шеф на држава не е влијателен, или релевантен за учеството на шефот на државата, не држи, бидејќи ако може непосредно избран законодавен дом да избира членови во Судскиот совет, по која логика, непосредно избраниот шеф на држава не може да именува, што е еквивалент на изборот, бидејќи шефот на државата е индивидуален, односно посебен орган. Тој не може да избира, туку може да именува.

Значи, по која логика ние би биле постручни, покомпетентни, ние не би упаѓале, а шефот на државата би упаѓал, не би бил вклучен и т.н.

Потоа, не се работи ниту за упад на законодавната, ниту за извршната власт, ниту за судската, туку се работи за балансирање на трите власти.

Зборувате дека не тргнувате од лични, персонални решенија што моментално се во однос на функциите, туку станува збор за решение мотивирано од нечиј лични апетити, што е непринципиелна забелешка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ристова.

Една минута контра-реплика од пратеникот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке, значи ме повикавте да ви го прочитам членот. Еве ќе ви го прочитам членот. Прочитајте го членот 61 од Уставот, став 1. Еве јас ќе ви го прочитам да ви скратам во време: "Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во републиката". Сега немам намера да ви држам предавање, што е претседателски систем, а што е парламентарен. Вие впрочем, работите на Правен факултет и тоа треба да го знаете, затоа што треба да ги едуцирате некои што личат. Мислам вакви образложенија не одат во прилог. А мене ми е апсолутно јасно зошто ја играте улогата на бранител.

**Слободан Најдовски:** Ве молам госпоѓо Ристова, оставете Караџоски да си ја заврши репликата. Ве молам без довикување. Продолжете господине Караџоски, имате уште 15 секунди.

Благодарам господине Караџоски. Ќе ве молам, додека некои од пратениците дискутира, да не му се дофрлува.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Влада. Би сакала накратко за предложениот амандман 22, со кој се заменува алинеа 5 на членот 84 од Уставот на Република Македонија. Ова е еден од амандманите кој низ целата јавна расправа можеби беше еден од најдебатираните и најрасправаните амандмани. Повеќето искажувања низ дебатата беа слични, дури идентични, што она јас што ќе го изнесам како став.

Со овој амандман му се дава право на претседателот да именува двајца членови во Судскиот совет на Република Македонија. Несомнено е потребно интервенирање со овој амандман на Уставот, затоа што сега наместо Републички судски совет имаме Судски совет и во тој дел работата е во ред. Меѓутоа, од досегашното право на предлагање на претседателот, сега му се дава право на директно именување на двајца членови во Судскиот совет. Според мене, и според Либералната партија, ваквото решение е неприфатливо, а за тоа ќе ги изнесам следните аргументи. Македонија се определила да гради парламентарна демократија, а вакво решение е неспоиво и не оди во правец на парламентарната демократија, туку сосема спротивно во правец на друг некој систем, кој можеби е некаде на патот на полупретседателски и кој ќе овозможи поместување на целиот систем кон претседателски.

Тоа е еден од аргументите, со кој го бранам својот став и ценам дека треба да се прифати решение онакво какво што имаме понудено со амандман претседателот да има право на предлог на двајца членови во Судскиот совет, а Собранието да ги избира.

Еден од аргументите за мојот став е и потребата од "чекен баланс". Иако некои се обидуваат ваквата потреба да ја објаснат со право на директно именување, тогаш мене не ми е јасно, како ќе постои контрола на властите, ако претседателот кој е дел на извршната власт има право на директно именување, без никаква контрола од другите власти. Токму решението ние што го предлагаме со право на предлог на претседателот да одлучува да избира Собранието, ќе постигнеме точно баланс и контрола меѓу властите. Како инаку ќе биде извршена контрола на дел од извршната власт односно на претседателот, без притоа, да немаме контрола од Собранието. Токму Собранието, кога би го вклучиле во изборот, по предлог на претседателот, ќе внесе токму елемент на "чекен баланс" меѓу властите. Со

вакво решение, ние ќе немаме никаква контрола кој и како ќе го именува претседателот. Тоа ќе остане негово вонредно право и тука другите власти, пред се, мислам на Парламентот, бидејќи тој е највисок законодавен дом, со најголем легитимитет, затоа што непосредно се бира од граѓаните, има потполно право да изврши контрола на дел од извршната власт, онака, како што една контрола и на другиот дел, што се нарекува влада.

Единствениот аргумент низ целата јавна расправа со кој предлагачот го бранеше ваквото решение, е тоа што претседателот се бира на непосредни избори и оттука го црпи правото за именување. Меѓутоа, јас апсолутно, не се согласувам со тоа, иако претседателот кај нас се бира на непосредни избори, сепак, тој мора да биде контролиран од другите власти.

Вакво решение кој што нуди сега постоечкиот амандман 22, се надевам дека тука ќе има измени, дека предлагачот навистина ќе види дека решението што ние го нудиме е поприфатливо и повклопливо во нашиот систем, во нашата парламентарна делегација и ќе го прифати понуденото решение од страна на опозицијата, за кој има неколку амандмани. Тука веќе се отвора и едно друго прашање. Се отвора прашањето за моделот на избор на претседателот. Дали сегашниот модел на избор на претседателот и ингеренциите кои ги носи се соодветно вклопливи на парламентарната демократија, за која Македонија јасно и децидно се одлучила. Затоа сега не би сакала да зборувам, бидејќи темата е овој амандман, иако има допирни точки. Се надевам дека Владата ќе го смени мислењето по овој амандман до крајот на расправата по овој амандман и ќе се изјасни за прифаќање на понуденото решение од страна на опозицијата. Во прилог и како аргумент на мојот став, ќе истакнам дека овој е единствен амандман, кој што матичната Уставна комисија, не го прифати, значи тоа зборува многу. Таму многу се дебатираше за овој амандман. Ваквото решение на Владата ни матичната Уставна комисија не го прифати. Значи, овој амандман не доби поддршка од Уставната комисија.

Затоа апелирам внимателно да се разгледа токму дебатата која се водеше на Уставната комисија, внимателно да се разгледа предлогот кој е понуден во нашите амандмани и да се донесе и прифати нашето решение, за да се вклопи, апсолутно, во она што Македонија го избрала како свој пат, да не отвораме нови прашања и нови поместувања на системот. Правото на предлог на претседателот со избор од страна на Собранието е најсоодветно решение кое се вклопува во нашата парламентарна демократија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, бидејќи многу беше кажано за амандманот 22, а видовме дека има спремност кај Владата да ги прифати аргументите на опозицијата, по однос на овој амандман, јас сосема накратко ќе кажам зошто за нас, онака како што е даден амандманот 22 е неприфатлив. Правото на претседателот на Републиката да именува двајца членови на Судскиот совет, за разлика од правото да предлага, а Собранието на Република Македонија да ги избира, значи мешање на извршната власт во судството. Од друга страна, овој амандман го поставува и прашањето за тоа дека правото да именува значи едновремено и право да го смени, односно да го разреши членот што е именуван, а со таквото право претседателот може некогаш да влијае директно на работата на Советот, токму со правото да може именуваните членови и да ги разрешува.

Од тие причини, и со многу други аргументи кои беа изнесени од страна на колегите, кои што не би ги повторувала во однос на парламентарната демократија и Уставниот поредок на Република Македонија, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, вака како што е поставен амандманот нема да го прифати, и од тие причини ќе имаме поднесено амандман на овој амандман 22. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Од меѓувреме пријавените, да нема некој за реплика?

За реплика се јави господинот Јанаки Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе, сметам дека овој амандман, како што рекоа и колегите, предизвика најголемо внимание во расправата на комисиите и во јавната расправа.

Јас сега ќе реплицирам на колешката Бонева, бидејќи не реплицирав претходно на колегата Жарко Караџоски и на колешката Лалчевска, а тоа се однесува на следната работа: точно е тоа дека со овој амандман, претседателот на Република Македонија ќе именува двајца членови во Судскиот совет на Република Македонија, а не да предлага, како што беше до сега. Но ниту еден од опозицијата, а тие стојат цврсто на својот став дека мора претседателот на предлага и да именува, како што е овој амандман. Но јас не знам, да видам понатаму каква ќе биде судбината на овој амандман и ако знаат тие, треба да кажат на кој начин и како ќе вградиме механизам, со кој што механизам ќе направиме да не ни се случува, она што ни се случуваше досега. А искуството ни покажува дека претседателот на Републиката предлагаше двајца членови во Републичкиот судски совет, а ние како парламент не ги избиравме. На кој начин и како ќе вградиме механизам, за да оние двајца членови од 15 вкупно во Судскиот совет на Република Македонија, кој ќе ги предлага претседателот на Репбуликата, Парламентот ќе ги избира.

Мислам дека тоа треба да го решиме со закон. Но каков ќе биде механизмот за тие двајцата што

ќе ги предлага претседателот на Републиката, Парламентот да ги избере. Да не се најдеме во иста ситуација, како што се наоѓавме досега да ги избереме останатите членови на Судскиот совет на Република Македонија , а да не ги избереме членовите кои што ќе бидат предлагани од претседателот на Република Македонија. До тој случај ќе работиме со вакум, односно Републичкиот судски совет, ќе работи без тие двајца.

Затоа, барам од опозицијата да даде решение кој механизам ќе биде, предлогот на претседателот на Република Македонија, кој ќе биде механизмот Парламентот да избира. Јас сметам дека никој не може да му наложи на Парламентот и на пратеникот да го избере тој кој што ќе го предложи претседателот. Бидејќи велиме дека е парламентарна демократија, дека сме парламентарна држава и дека Парламентот е над се. Ако е тоа така, тогаш кој механизам ќе ни биде тој со кој што предлозите на претседателот на Републиката ќе бидат изгласани и во Парламентот. Тоа мораме да го знаеме сега и да го вградиме во идниот закон. Доколку опозицијата не отстапи од ова свое барање, тогаш мораме да најдеме ново решение за предлагање, но тоа да го знаеме уште од сега и да го вградиме во идниот закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам потпретседателе, значи ова е еден од амандманите на кој со предлагачот, во случајот Владата на Република Македонија, опозицијата, вклучувајќи ја тука и Либералната партија има дијаметрално мислење и останува "амандман меѓвик " од кој може да се почувствува на која страна ќе оди гласањето околу измените на Уставот.

Само да ве потсетам дека во првата фаза имавме и еден амандман кој отпадна околу начинот на избор на претседател на државата. Тој беше во функција да се намали цензусот за избор на претседател на држава, со образложение дека демократските процеси во Македонија се такви дека помалку се граѓаните заинтересирани да бираат, а дека е тоа пракса до 30% излезеност да се смета за валиден избор и т.н.

Од кога тоа се виде во јавната расправа дека "не пие вода" така да кажам, сега со една да речам, со една јасна политичка аритметика , не се предлага, претседателот на државата директно да именува членови во Судскиот совет. Нема такво искуство ни во тврдите претседателски системи. Претседателот на САД именува на Врховниот суд, меѓутоа, по мислење на Конгресот. Тој нема намера, бидете убедени во таа демократија, иако нема обврска да го послуша мислењето, да направи спротивно од мислењето на Парламентот.

Така да, она решение што беше досега, најсоодветно беше на консталацијата на политичкиот и правниот поредок на Република Македонија, претседателот да предлага, Парламентот да избира.

На страна што следејќи ги европските искуства, прашањето на непосреден избор на претседател на држава, ќе дојде во ред на нештата за преиспитување и во нашиот уставно правен систем, но за тоа нема сега критична маса во политичките партии и не мораме на тоа ниво да го издигнување тоа прашање.

Значи, во моментот има потреба, така да речам, да возвратам на пубертетската болест да се одговори со подвлекување на овој амандман и усвојување на амандманот од опозицијата, во кој ќе остане фактички старото решение. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Следен за дискусија е господино Блажо Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** На почетокот сакам да истакнам, кога зборуваме за ова прашање, за прашањето на надлежностите на претседателот на државата, треба да тргнеме од воспоставениот систем на кој што Уставот сака да го држи на некоја избалансирана основа, односно тоа е она што сега модерно се кажува "чекен баланс", или контрола и рамнотежа со јасно разграничување на власта, преку таков систем. За да можеме да ја утврдиме уставната поставеност на овој систем и како тој функционира, јас сметам дека основна е волјата, односно меѓусебното почитување на извршната, законодавната и судската власт, затоа што факт е дека секогаш извршната власт сака да има влијание. Никогаш досега во историјата извршната власт не се откажала од влијание врз судството, а нема ниту сега и за да се обезбеди една гаранција.

Ако може некаква гаранција воопшто да постои, да не се отуѓи целосно или да не избега од контрола и на извршната и на законодавната власт судството, се предлага и ваквиот состав на државниот судски совет при што, покрај судиите како непосредни носители на судската власт во Република Македонија се предлага да има претставници кои ќе бидат именувани од страна на Собранието на Република Македонија, а сега гледам со овој амандман се предлага директно и претседателот на државата да именува членови на досегашниот Републички судски совет, а сега државниот судски совет.

За да можеме да ги разјасниме овие прашања и прашањето зошто се предлага вакво решение, треба да тргнеме од конзистентноста на уставните одредби. Значи, ако сакаме да бидеме конзистентни односно ако Владата преку овој амандман сакала навистина да даде ингеренции на извршната власт, тогаш требало да го смени членот 88 од Уставот на Република Македонија и да поднесе амандман на тој член. Во ставот 1 од членот 88 јасно е кажано дека Владата на Република Македонија е носител на извршната

власт. Значи, дефиниран е носителот на извршната власт во политичкиот систем на Република Македонија.

Кога зборуваме за разграничување помеѓу извршната, законодавната и судската власт мора да тргнема од фактот дека Владата е носител на извршната власт и како таква нејзините надлежности треба да бидат разграничени од оние надлежности кои ги има Собранието и оние надлежности кои ги има судството затоа што тие треба да судат директно врз основа на Уставот и законите без обезбедување на нивна што поголема независност.

Тргнувајќи од тука сметам дека фактот што се предлага претседателот да именува членови на државниот судски совет апсолутно не може да биде израз на создавањето на ваков систем на контрола и рамнотежа помеѓу трите власти.

За да биде ова појасно, а имајќи предвид Уставот на Република Македонија кој децидно наведува дека носител на законодавната власт е Собранието на Република Македонија значи тука има чиста ситуација, сакам да ја искажам мојата загриженост за опасноста од инкренирање на Република Македонија кон еден претседателски систем со зголемување на оние надлежности кои ги има претседателот на сметка на оние надлежности кои ги има Парламентот односно Владата на Република Македонија.

Факт е дека во Уставот на Република Македонија членот 84 кој е предмет на промена со овој амандман децидно и единствено утврдува кои надлежности ги има претседателот на Република Македонија и ако се споредат тие надлежности каде тој го определува мандатарот за состав на Владата на Република Македонија која е, согласно членот 88 од Уставот носител на извршната власт, фактички тој се поставува во една улога која црпи надлежност директно од Уставот, меѓутоа, не може да претставува носител на извршната власт. Оние надлежности кои ги има се однесуваат исклучиво во сверата на надворешната политика и на одбраната, како што стои во овој член 84 согласно неговите надлежности да ги поставува и отповикува со указ амбасадорите и претставниците на Република Македонија во странство, да ги прима акредитивните и одповиковните писма на странските дипломатски претставници и што е многу интересно, предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија без да се измени таа алинеа од овој член, се дава нова надлежност во однос на државниот судски совет. Значи, Уставниот суд треба да ги предложи, Собранието да ги изгласа тие двајца претставници или двајца судии, а од друга страна во државниот судски совет се предлага зголемување на таа надлежност и не гледам зошто не се поистоветуваат тие две онака како што беше направено во постојниот устав.

Понатаму именува тројца членови на Советот за безбедност, тоа е оној дел кој го зборував во контекст на неговата надлежност во областа на одбраната, доделува одликувања и признанија, соглед на неговата уставна позиција. Бидејќи директно одговара пред Собранието, со членот 85 е наведено дека претседателот на Републиката го известува Собранието за прашања од неговата надлежност најмалку еднаш годишно, значи му дава информација за исполнувањето на неговите уставни надлежности од областа на надворешната политика, на одбраната и оние други надлежности кои ги има согласно позитивните прописи во Република Македонија.

За да може да се види овој аспект на разграничувањето на трите власти односно на овој концепт или систем на контрола и рамнотежа помеѓу власта, јас сакам да ги потврдам моите стравувања за зголемување на влијанието на претседателот во однос на целокупниот политички систем во Република Македонија со споредба на она што претставува претседателски систем.

Во САД имаме претседателски систем каде претседателот на државата е носител на севкупната извршна власт. За разлика од ова што се предлага овде таму постои сосема различо решение по однос на неговите ингеренции во постапката на именување на судии. Така во САД, како што спомнав, извршната власт како носител се јавува претседателот на државата кој е одговорен за спроведување на законите и политиката на земјата. Законодавна власт претставува Конгресот кој е составен од Претставнички дом и Сенат и е надлежен за изготвување и донесување на закони и обезбедување на буџетски финансиски средства. Судската власт односно нејзините носители имаат доживотен мандат, добиваат плата која не може да биде намелена, ги применуваат и толкуваат или судските одлуки ги разјаснуваат законите.

Сега што е најважно за овој амандман како споредба е тоа дека во САД судската власт, кога зборуваме за системот на контрола и рамнотежа судската власт го добива својот буџет од Конграсот, федералните судии ги именува претседателот, меѓутоа, ги потврдува Сенатот. Значи, иако постои претседателски систем, иако целокупната извршна власт во САД е лоцирана во претседателот на САД сепак тој ги именува судиите, а Сенатот е тој кој го потврдува именувањето. Значи не е оставено самостојно претседателот на државата да именува судии или како што е кај нас да именува негови претставници во државниот судски совет кој понатаму треба да ги избира судиите врз основа на критериуми кои треба да бидат ослободени од политички влијанија.

Затоа сметам дека овие аргументи кои се изнесуваат дека претседателот на државата бил избран на непосредни избори, ако се ставаат во контекст со она што претставуваше расправа по Нацрт верзијата на уставните амандмани, со намалувањето на цензусот, со намалувањото на легитимитетот, бидејќи со намален цензус има

намалување на легитимитетот на претседателот, а од друга страна и во Нацрт верзијата беше предложено именување односно зголемување на надлежноста на претседателот на државата, сметам дека не е компатибилно или не може да биде сврзливо едно со друго и од тие причини сметам дека одстранувањето на Собранието на Република Македонија од постапката за именување на овие членови во државниот судски совет не е компатибилно со целите кои сакаме да ги постигнеме со овие судски реформи.

Инаку, се согласувам, треба по прецизно да биде определена постапката која треба да биде спроведена за именување на членовите на државниот судски совет на предлог на претседателот овој пат како што сега стоеше од страна на Собранието, затоа што, факт е, дека имавме примери кога  Собранието отфрлаше предлози на претседателот на државата и тие предлози ги одбиваше неколку пати без никакво образложение. Фактот беше дека претседателот на државата не дава предлози кои му одговараат или кои се прифатливи за мнозинството пратеници во овој Парламент кој го сочинуваат оние политички партии кои ја сочинуваат извршната власт и на тој начин се создава директен судир или можност за судир помеѓу претседателот на државата со Владата на Република Македонија и тоа навистина се создава непотребно иако јас тука лично би се прашал за мое мислење сметам дека е многу потребно претседателот целосно да се исклучи од оваа можност за предлагање или именување на членови на државниот судски совет, а Владата како носител на извршната власт да си ја земе одговорноста не само преку министерот за правда кој е директно задолжен за областа на правосудството, покрај останатите надлежности, да може да предлага пред Собранието и двајца членови на државниот судски совет.

Меѓутоа, сметам дека заради позицијата на претседателот, заради потребата да не се навлегува во непотребни решенија затоа што она што го имавме до сега како решение се покажа дека има недоследности, меѓутоа, сметам дека тие недоследности можат преку една законска форма да бидат регулирани и на тој начин да се отстрани можноста од спрежување или блокирање на изборот на членовите кои треба да ги предлага претседателот на државата.

Затоа предлагам Владата да ги почитува најавите кои ги даде премиерот на Владата на Република Македонија и да покаже едно разбирање на овие аргументи кои ги искажуваме затоа што овде не се зборува дали претседател на државата е некој кој носи одредена партија во срце или не носи, туку се работи за претседател на држава како институција и врз основа на поставувањето на таа рамнотежа и баланс кои треба да постојат меѓу трите власти, а кои треба да бидат инкорпорирани во составот на државниот судски совет кој понатаму има навистина огромни надлежности кои се однесуваат и на изборот на судиите и на нивното разрешување и на сите оние други надлежности кои значат вистинска моќ или вистинска трета судска власт и не смееме да дозволиме уште при самото формулирање на овие уставни решенија да направиме грешка која ќе не одведе во враќање или во создавање на една ситуација која ќе биде полоша од оваа што ја имаме сега. Благодарам.

**Слободан Најдовски :** Благодарам господине Стојаноски.

Продолжуваме со расправа, се надевам дека ќе ја убедиме министерката да го прифати амандманот по толку дискусии.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам подпретседателе, почитувана министерке, почитувани колеги, ако мојата дискусија е капка во чашата да ве убеди да го прифатите амандамнот што го поднесе ВМРО -Народна партија, тогаш да продискутирам, а ако сте веќе убедени да се откажам од дискусија.

Постоечкото решение во Уставот на Република Македонија членот 84 став 1 алинеа 5 кажува дека претседателот на Република Македонија предлага двајца членови на Републичкиот судски совет. Се обидувам да најдам одговор на прашањето кои се причините што предлагачот прифати да го смени ова постоечко решение во Уставот на Република Македонија и на некој начин односно не на некој начин, туку директно да ги зголеми ингеренциите на претседателот на државата.

Имено, и во самиот Предлог амандман односно во образложението не најдов, иако се обидов, доволно аргуменити за предлагачот на амандманот да се зафати  за вакво зголемување на ингеренциите на претседателот на државата односно што се смени во нашиот општествено политички систем во Република Македонија за да му се зголемат надлежностите на претседателот на државата. Сметам дека нема ниту теоретско образложение ниту теоретска расправа за евентуалните еволутивни промени во општествено политичкиот систем во Република Македонија за да се предложи едно вакво решение.

Аргумент повеќе за изборот да остане во рамките на надлежностите на Собранието е тоа што Собранието само по себе е специфичен орган, бидејќи Собранието внатре во својата структура има систем на проверка, контрола и баланс. Од проста причина што, според природата на нештата Собранието е колективно тело составено од 120 пратеници, составено од позиција и опозиција кои самите на себе си прават проверка и баланс на предлозите односно решенијата и одлуките што ги нуди во рамките на своите надлежности. Според тоа, соглед на тоа што нема некаква драстична еволутивна промена во нашиот опшествено политички систем во насока да се зголемат ингеренциите на претседателот на државата што и самиот предлагач не дал ни еден аргумент во таа насока

во образложението на Предлог амандманот, а што Собранието, како што реков, според природата на нештата во самата внатрешна структура има воспоставен систем (чекен баланс) сметам дека еве и оваа моја мала, каратка дискусија и аргументација треба да придонесе предложениот амандман од ВМРО -Народна партија да биде прифатен од страна на Собранието односно од страна на предлагачот. Благодарам.

**Слободан Најдовски :** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Каролина Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам за дадениот збор господине потпретседател на Собранието, почитувана госпоѓо министерке, почитувани колеги и колешки пратеници, сосема очигледно веќе во сите фази ова претставува еден од најконтроверзните амандмани и јас како што кажав во мојата предходна реплика што ја дадов мислам дека тука не се работи прво за прашање каде нема аргументи за едното решение односно она што досега сме го имале да се предлага да се именува има и таму сериозни аргументи, сепак сметам дека се посилни аргументите во однос на сегашното решение што е предложено во амандманите и практично она што ние треба да го направиме е сериозно без дневна политика да ги измериме тие аргументи и да видиме дали најавениот амандман е поприфатлив од она што го предлага Владата. Единствено што ми пречи и сега ќе се обидам да го направам што мислам дека предложениот контра амандман се брани од многу погрешни позиции кои многу често и пред јавноста погрешно го претставуваат политичкиот систем што Република Македонија сега го има со нашиот Устав.

Најпрвин ќе се обидам да ги дадам аргументите зошто сметам дека предложениот амандман од Владата е посупериорен.

Првиот аргумент, а ги имам четири, е аргументот што би го нарекла правно номотехнички аргумент или прашање на номотехничка консеквентност на целиот концепт на реформите што се предлагаат. Значи, се работи за чисто правен аргумент според концептот на новите уставни измени три структури се предлага да учествуваат во конституирањето на судскиот совет. Тоа се судиите односно самата судска власт, тоа Собранието на Република Македонија значи законодавниот и претставничкиот дом на граѓаните и третата структура е всушност институцијата шеф на државата што е еден сегмент од извршната власт на нашата држава.

Според мене во ваквата поставеност нема правно номотехничка логика судската и законодавната власт како структури кои учествуваат во конституирањето на судскиот совет да избираат додека извршната власт односно шефот на државата само предлага, а не да има еквивалентот на избирањето, а тоа е именувањето. Како што претходно спомнав во репликата еквивалент за избирањето кај колективните тела што би била судската и законодавната власт во ваквата поставеност е именувањето и индивидуален орган не може да избира.

Значи нема никаква правна консеквентност кога ставате три структури да учествуваат во составувањето на Судскиот совет, а двете од тие структури да имаат поголеми така да кажам права во конституирањето.

Вториот го нарекувам аргумент на балансирање на моќта и минимизирање на грешките, односно она што народски се вели повеќе глави подобро мислат. Вака како што е поставено во конституирањето на Државниот Судски совет, покрај тоа што добиваме балансирање, значи учествуваат три структури, ниедна од нив не би требало да има апсолутно влијание, туку добиваме и ситуација на користење на овој метод на деконцентрирање во конституирањето на Судски совет,  а предноста на тој метод секогаш кога се истакнува е токму онаа логика дека се минимизираат грешките. Значи ако едната структура која што предлага од икс причини може да погреши во своите предлози, тоа на некој начин се компензира со двајцата други предлагачи, односно оние кои избираат или именуваат. Пак ќе кажам народски, концептот е поставен во смисла повеќе глави подобро мислат. За разлика на пример од она што претходно го имавме како уставно решение, само Собранието на Република Македонија да биде тоа кое избира, односно го има конечниот збор. Сега новиот концепт ја користи таа народна мудрост повеќе глави подобро мислат и се минимизираат грешките. Тоа е предноста на овој метод во уставните реформи.

Третиот аргумент е аргументот што мислам дека и најмногу збрки создава, а тоа е принципот на рамнотежа и кочници или принципот на "чекен баланс". Само  да потенцирам дека овој аргумент-мене мечуди што во расправата воопшто не се спомнуваат коментарите на Венецијанската комисија , од која дозволете да цитирам еден дел, во кој се вели следното: "Да се префрлат сите прашања поврзани со судиите на Државниот судски совет голем чекор напред, но при тоа треба да се има контрола врз Советот. Власта треба да биде поделена, но и балансирана". Ова се коментари на Венецијанската комисија. Советот не е суд, но треба да ја чува нивната независност, но со давањето на една таква позиција на Советот, веднаш тој се издвојува како единствен орган кој што не е одговорен, но го има правото да решава за сите аспекти на постоењето и работењето на судиите. Според Нацрт амандманот, се мисли на она што беше во претходната фаза и за  целиот концепт, Советот ќе ја концентрира во своите раце моќта на двете власти, и на извршната и на судската, што ќе ја загрози неговата улога на гарант на независноста на судството. Тоа би било практично контра продуктивно, контра целта заради која се става. Нивниот предлог, замислете, оди многу повеќе и тоа Владата

всушност не го прифатила, а оди многу понапред и многу порадикално од она што го предлага Владата на Република Македонија. Според Венецијанската комисија, Судски совет може да даде предлог, значи да се постигне тоа урамнотежување и контрола, нивниот предлог е Државниот судски совет може да даде предлог за именување на судии, кој би го извршил некој друг орган, како на пример претседателот кој го прави именувањето. Тоа е всушност еден од конечните заклучоци и покрај коментарите тоа го даваат како конечен заклучок, меѓутоа, тој заклучок нашата Влада не го прифаќа, претпоставувам водејќи сметка и за правната и политичката култура која што постои кај нас, односот на силите во однос на ова прашање, што е сосема релевантно и секако она што колегата Зоран Крстевски го спомна и што мислам дека е всушност најсилниот аргумент на другата страна, а тоа е континуитетот. Тргнувајќи од сето тоа, Владата не го прифаќа ова и оди на едно подруго решение.

Ние од судската власт не треба да направиме, така да се изразам сликовито "амеба власт" која треба самата да се генерира, самата да се избира, самата да се разрешува, самата да се контролира итн, а да нема механизми кои би претставувале балансирачки не само во однос на законодавната, туку и во однос на извршната власт. Како што е нормално, очекуваме судската власт да биде контратежа и контрола врз другите две власти и секако треба да има механизми и балансирањето да постои во обратен правец, а меѓу другото и во делот на она што значи избирање, односно именување, односно конституирање на самиот Судски совет. Значи независноста на власта мислам дека навистина е жално, дури и несреќно да ја разбираме како неодговорна и неизбалансирана власт. Тоа прво како основно и темелно начело го бара Уставот од нас и ние сега ставени во улого на уставотворци навистина треба добро да промислиме за тоа прашање.

Четвртиот аргумент е аргументот практично на демократскиот карактер на нашиот политички систем. Она што го кажав во репликата пак ќе го повторам, целата аргументација на обратната позиција, односно спротивставената позиција што е содржана и во најавениот амандман на опозицијата, тргнува од тоа дека Република Македонија е парламентарна демократија и затоа ваквото решение, претседателот на државата да именува, нема логика од тој аспект. Затоа, мислам дека треба да бидеме прецизни и веќе кажав дека не е коректно да се кажува дела во Уставот пишува, бидејќи не пишува, дека Република Македонија е парламентарна демократија, тоа не е всушност ни белег на многу устави, во никој член да дефинирате дали сте парламентарна република, претседателска република, ваква или таква монархија, меѓутоа, се гледа целината на уставните одредби. Во нашиот Устав нормално пишува дека Република Македонија е демократска држава, а потоа кога ќе ги земете одредбите и она што го цитираше колегата Караџоски во однос и на законодавната и претставничката власт, кога ќе ги земете одредбите и за извршната власт, претседател на држава и Влада, кога ќе ги земете одредбите за судовите, ќе ја добиете всушност дефиницијата, политиколошко-социолошка каков политички систем Република Македонија има, а тоа е претежно, нормално, парламентарна демократија, но со примеси на два други системи и многу често всушност-Македонија не е исклучок, има и во многу други земји каде што имате мешање или комбинација на елементи од некои, школски кажано, чисти модели за да се добие пофункционален политички систем. Во Република Македонија она што е направено, што го направиле уставотворците уште кога се донесувал Уставот е да бидеме претежно парламентарна демократија, но веројатно заради континуитет претходно или други причини е прифатено Собранието на Република Македонија да не може да биде разрешено од страна на двете "глави" на извршната власт, како што е обично во чистите парламентарни демократии, да предизвикате вие распуштање на Парламентот и потоа паѓање на Владата и одење на избори. Таков контра механизам на извршната власт во однос на законодавната власт ние немаме во Македонија, што е сепак карактеристика не на чиста парламентарна демократија, туку на собраниски систем, а од друга страна имаме и тоа е факт, нам може да ни се допаѓа или не и како што кажа колегата Крстевски, можеби ние во иднина треба да го обмислуваме, да имаме сегмент во делот на извршната власт каде што шефот на државата се избира на непосредни избори на ист начин како и законодавниот и претставнички дом, значи имаме две институции во системот кои одат на непосредни избори. Одтука, да се повикуваме само дека ние сме тие кои што сме избрани од граѓаните и после по логиката на тоа да вадиме аргументи дека нашето право е посилно да избираме, а другата институција во системот која што исто така оди на непосредни избори да не може да именува, како еквивалент едноставно не е принципиелен начин на аргументирање. Нам тоа може да ни се допаѓа или не, меѓутоа, уставната поставеност е така дадена што ние мора да тргнуваме од тој систем што го имаме во овој дел на реформите. Гледајќи дека двете институции се избрани на непосредни избори, мене ми е сосема логично и консеквентно да го имаме ваквото решение што се предлага од Владата. А исто така, наспроти тврдењето дека всушност се намалува демократичноста на државата, токму фактот дека се работи за две власти кои учествуваат во конституирањето на Судски совет, а кои се непосредно избрани од граѓаните, всушност го зајакнува демократскиот карактер во конституирањето на Судски совет, ако се тргне од членот на Уставот каде што се дефинира граѓанскиот суверенитет, а тоа е дека власта извира од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Практично ние имаме подруг ефект од

она што се тврди дека го имаме, а тоа е поголемо зајакнување на демократската суштина и супстанца на Судскиот совет, бидејќи делот на Судскиот совет, структура што значи судии, тие не одат на избори, тоа е добра цивилизациска придобивка на нашиот систем што е карактеристичен на континетална Европа. Тој дел не оди на избори, не си го влече сам по себе демократскиот легитимитет, но преку тоа што другите две структури што учествуваат во Судскиот совет го добиваат, односно им се делегира на некој начин граѓанскиот суверенитет, со тоа што би биле избрани од парламент, односно именувани во помал број, а тоа е конкретно двајца од шефот на државата, само се зајакнува демократскиот легитимитет и супстанца на таа институција. Нормално, ако ги комбинираме сите тие аргументи заедно со зајакнувањето на "чекен баланс", односно на рамнотежата и кочниците што е исто така битна работа за една демократска држава, практично добиваме многу подобро решение и поконсеквентно во целиот концепт на уставните реформи кои што ги имаме. Претходно прашав, навистина чисто здраво разумски, од логичен аспект, значи на страна сите овие правни, уставно-правни и политичко правни аргументи, мене здраво разумски не ми е јасно, а верувам и на многу граѓани, како ние како Парламент може да претендираме и да велиме ние како непосредно избрани од граѓаните имаме легитимитет да избираме членови во Судскиот совет и тоа да го правиме на, како што кажа некој овде, стручен и друг начин, иако ние не можеме по дефиниција да се дефинираме како некое стручно тело, ние сме сепак политичари, без оглед на нашата индивидуална ваква или таква стручност, а тоа да не можеме да го кажуваме, односно да го негираме кога станува збор за непосредно избраниот шеф на државата. Навистина тоа е клучно, убаво некој кажа тука дека тоа често се употребувало во дебатата. Како може една непосредно избрана институција да го има тој легитимитет да избира, а друга непосредно избрана институција од граѓаните да не може тоа да го прави, односно да го негираме и да велиме дека тоа е упад, а ова претходното не е, ова било нестручно, ова било стручно, ова ќе било мешање, а ова другото немало да биде мешање итн. Мислам дека граѓаните на Република Македонија на кои им припаѓа суверенитетот треба да одговориме на ова прашање, токму од аспект на тоа што суверенитетот според Уставот, кој што на нас институциите ни го пренесуваат директно или индиректно им припаѓа и заслужуваат одговор на ваквото прашање.

Пак ќе повторам, мислам дека треба принципиелно да ги дискутираме работите. Јас сметам дека на другата страна најсилен е аргументот на континуитетот во смисла дека за решението кое го предлагаат е веќе решение кое функционирало, но не и сите други аргументации кои се изнесуваат и тука нема ситуација на погрешно или непогрешно решение, има само подобро или полошо, бидејќи "чекен баланс" се остварува и учество на извршната власт преку шефот на државата се остварува преку тоа решение што досега сме го имале и што опозицијата предлага да се задржи. Само се работи за подобро или полошо решение, односно поконсеквентно или помалку консеквентно решение во однос на новиот уставен концепт, но од сосема друг тип аргументирање, а не оној кој го изнесува опозицијата. Главната цел не ми е создавање на независна судска власт сватена како неодговорна и неизбалансирана власт. Впрочем, тоа како темелно начело на Уставот нам ни е обврска да го запазиме, односно да запазиме да имаме и одговорна и избалансирана судска власт, како што впрочем тоа ни е обврска и во однос на законодавната и на извршната власт. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ристова.

Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски, повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Јас имам реплика во однос на неколку наводи од излагањето на колешката Ристова. Имено, во нејзиното излагање постојано настојуваше шефот на државата и учеството во предлагањето или сега во изборот, во именувањето на членови на  Државниот судски совет да го претстави како учество на извршната власт и заради почитување на принципот на "чекен баланс" во однос на конституирањето на Државниот судски совет. Јас само ќе потсетам дека учеството на извршната власт во Државниот судски совет е обезбедено преку членувањето во истиот на министерот за правда. Тоа е директно учество на извршната власт. Бидејќи во Република Македонија Собранието е носител на законодавната власт и е парламентарна демократија, фактот на избор на тројца членови од страна на Собранието и на уште двајца членови исто така од Собранието, меѓутоа, по предлог на претседателот не е заради претставување на извршната власт во Судскиот совет, туку пред се се работи за отстранување на опасноста политичките партии кои што имаат мнозинство во Парламентот да имаат максимален број на членови без при тоа да се води сметка за усогласување на политичките односи во државата, односно токму на тој систем на рамнотежа и упатување на еден вид соработка на Собранието кон претседателот на државата, затоа што предлагањето од страна на претседателот на државата и изборот од страна на Парламентот не значи ништо друго туку упатување да соработуваат тие два државни органи меѓу себе во контекст на изборот на претставници во Државниот судски совет.

Во однос на тврдењето дека повеќе глави подобро мислат, јас не се согласувам со тоа затоа што се зависи од главите, а не од бројот на главите. Тој принцип не може да се примени како нешто што претставува аргумент во однос на ова прашање, туку аргументот може да се постави

само во контекст на политичките односи меѓу државните органи.

Понатаму, сметам дека потребата од учеството на претседателот на државата во судството треба, ако веќе се сака да се постави на уставна основа, да се реши целосно, а не само со именување на двајца членови во Државниот судски совет , затоа што ако се сака да се зајакне политичката позиција или надлежност на ингеренциите на претседателот на државата, тогаш треба јасно да се каже дека Владата има намера да ја зајакне позицијата на претседателот со давање на негови ингеренции и во областа на судството не само со предлагање, туку и со други механизми кои се присутни во другите државни системи. Кога зборуваме за демократската содржина на Државниот судски совет неминовно тоа отвара простор за расправи и за демократската содржина на изборот на претседател, политичките договарања при неговиот избор итн, што значи дека за тоа прашање не може на тој начин да се дискутира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор, три минути реплика пратеникот Жарко Караџоски, повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Почитувана колешке, морам да признам, после ваков говор и јас да сум претседател, сигурно ќе ве поставам за амбасадор, затоа што нема дилеми без разлика каде сте . . .

**Слободан Најдоски:** Ве молам, секој има право да си дискутира онака како што мисли во однос на амандманот.

**Жарко Караџоски:** Не кажав ништо страшно, секој има право и да реплицира.

**Слободан Најдоски:** Ве молам, да го задржиме нивото на пратениците.

**Жарко Караџоски:** Што е потпретседателе ова навредливо? Ова ли е навредливо? Ова не е ништо навредливо.

**Слободан Најдоски:** Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Инаку, вашите четири аргументи, колешке, што ги искажавте овде морам да ви признам дека апсолутно не држат. Ако тие аргументи постоеле и биле аргументи според вас, ќе биле вградени во Уставот уште 1991 година, кога се донесувал, а не сега кога правиме реформи на судството во делот на неговата самостојност и независност. Значи воопшто не е битно дали претседателот ќе именува, ќе предлага итн. Битно е судиите сами да одлучуваат за себе. Тоа е клучната реформа, тоа е новината што се прави. Сега воопшто не е битно дали некој ќе именува или предлага и бидејќи не е битно, нека си остане старото решениа како досега, нека си ја задржи Уставот рамката што ја имал. А овие дебати кои вие ги отворате нека послужат за некое време, во некоја друга дебата итн.

Инаку, дали повеќе глави подобро мислат, зависи колку глави броите. На страната на Собранието се сигурно повеќе глави и ако така мислевте, тогаш доаѓа дека ја поддржувате мојата констатација, Собранието да го врши изборот, а не претседателот, затоа што на таа страна е една глава.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, ќе бидам кус и ниту малку малициозен, значи иако има такви дофрлања од страна на колегите, од проста причина што ова што го зборувам, што ќе го кажам веќе делумно го разговаравме и во претходните расправи, за тоа немам ниту малку предрасуди во себе да го кажам со оглед на очекувањето дека ако тоа го кажам дека директно алудира на претседателот. Зошто? Во најмала рака бидејќи ова е трета фаза и последна, значи имаме шанса во изминативе неколку месеци да разговараме во Собранието, преку медиумите, на јавните расправи, на еден, или на друг начин, и две работи од почетокот до крајот се инсталираа како одредени ставови претежно на опозицијата, а за кои што апсолутно не се согласувам и сакам да спорам.

Првата е дека со овој амандман Владата, или власта во најширока смисла на зборот се обидува да ја менува структурата на власта и со односите помеѓу поставените носители на власта, односно дека Република Македонија е парламентарна демократија и дека овој амандман де факто ја нарушува структурата на парламентарната демократија. Тоа е првата.

И втората, дека со тој амандман се прави обид за зголемување на правата, или последната реплика, зајакнување на политичката позиција на претседателот на државата. Тоа е втората.

За првата сакам да кажам, а делумно дел од таа расправа ја водевме кога разговаравме за Законот за надворешни работи во првата фаза, кога разговаравме и по основ на еден друг Нацрт амандман кој што сега го нема. И одговорно тврдам, барем јас така сметам, демантирајте ме ако не е така, дека во Република Македонија ниту со оваа реформа на судството, ниту со било која друга реформа на друга област со предложување или изгласување на било кој друг закон во ова Собрание, барем додека е овој мандат структурата на демократијата во Република Македонија не трегба, не смее, и верувам нема да биде променета, односно поделеноста на властите согласно Уставот од 1991 година е добро поставена, таа го издржа тестот на времето. И од таму не гледам причина ниту таа да се менува, ниту пак дека уште помалку тоа се прави со помош на овој амандман. Тоа е првата работа.

Втората работа е дека со помош на овој амандман се воспоставува обид да се зголеми позицијата, авторитетот и зајакне политичката позиција на претседателот. Драги колеги, со овој амандман ниту ќе се зголеми, ниту ќе се намали

моќта, влијанието, уште помалку авторитетот или угледот на претседателот. Кој и да е, најмалку на овој. Од проста причина што авторитетот се стекнува и се добива на избори и врз база на поддршката од страна на граѓаните и врз база на политиката што ја водите, а не врз база на формалните права кои што произлегуваат. Тоа е исто така многу клучно да се каже. Па дури нема ни да навлезам во анализите, бидејќи претходната говорничка Каролина Ристова веќе ги спомена дека на пример Венецијанската комисија за која што сите ние се обидуваме да ги држиме нашите предлози токму до неа, оди во сосема друга крајност каде што пак уште повеќе се воспоставува потребата претседателот да биде дел од именувањето на судиите во Судскиот совет. Учеството на извршната власт, како што рече колегата Стојаноски е обезбедена. Да, претседателот не е претставник на извршната власт. Тој е дел од извршната власт сватена во најширока смисла на зборот, но е независен претставник или својот легитимитет, својот легалитет го црпи од граѓаните, не од другите носители на извршната власт. Или, она што можеби неколку пати да се слушне дека, ако се сметаше дека претседателот треба да ги именува, а не предлага како до сега, колегата Караџоски излезе пред малку, дека тоа до сега ќе беше вградено во Уставот од 1991 година. Се извинувам, зошто ја правиме ние оваа реформа на судството? Затоа што сите работи што требаше сме ги ставиле во 1991 година? Не. Напротив, затоа што сме виделе дека добар дел од работите што се имплементирани во Уставот, а се однесуваат на судската власт не функционираат. Инаку, која би била логиката на шест месечни расправи и во три фази да го менуваме Уставот за прв пат на овој начин. Затоа што се добри? Не. За тоа што треба да се променат. И тоа е дебатата. Но, аргументот, не треба да ги менуваме, затоа што ако беа добри веќе ќе беа ставени во 1991 година, не држи. Аргументот, со ова ќе се наруши структурата на власта, асполутно не држи, бидејќи тоа не го регулира учеството на претседателот генерално.

И третата работа, пак ќе повторам, не се зголемува, зајакнува авторитет, углед, воопшто политичка позиција со помош на измена на Устав на начин, затоа што треба да се именуваат двајца судии во Судскиот совет. Тоа се трите аргументи на страна од оние кои што произлегуваат од Венецијанската комисија, од така наречениот чекен баланс, јас би рекол меѓу себна контрола која што мора да ја има во секоја област, многу повеќе во судството. И на крајот на краиштата, нашата цел е да направиме да ги поставиме рамките во кои што степенот на независноста, ефикасноста и одговорноста на судството ќе биде далеку подобра од онаа што беше до сега. Идеална не постои. Зошто го кажувам ова? Бидејќи препораката на колегите од опозицијата сакаме да обезбедиме услови во кои што судиите ќе одлучуваат за себе, сами за себе. Парафразирано не значи и независност, не значи одговорност, не значи неможност на грешки и не треба да бидеме слепи пред таа ситуација, или да ја апсолутизираме едната страна само за тоа што сме оптеретени на еден, или на друг начин од можеби актуелната политичка ситуација. Токму затоа сметам дека имајќи ги во предвид сите стручни аргументации зошто Претседателот на државата како институција треба да именува двајца судии во Судскиот совет, од потребата властите помеѓу себе да се контролираат, се балансираат и овозможат навистина функционирање на тој судски совет, сметам дека треба да се прифати уште повеќе сметајќи дека аргументите кои што беа укажани во спротивност воопшто не можам да ги прифатам и од таму ќе гласам за поддршка на овој амандман од страна на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Марија Којсеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе. Бидејќи сите кажуваат аргументи, еве и јас ќе кажам неколку аргументи за кои сметам дека овој амандман на Уставот апсолутно е непотребен. Тоа го разговаравме и кога беше предлогот на амандманите на пленарна седница. Меѓутоа, најверојатно до Министерството за правда не дошло, па еве ќе го повторам.

Значи, покрај тоа што се менува функцијата, или н адлежноста на претседателот со овој амандман, значи од предлагање како што беше постојниот текст, не именува. Се прашувам, зошто овој амандман тогаш не е ист со амандманот ЏЏВИИИ, во кој децидно се вели, каде што е составот на судскиот совет, дека двајца членови на Советот именува претседателот на Република Македонија  од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Така гласи амандманот ЏЏВИИИ, ставот 7. А овде само се вели дека претседателот именува двајца членови на Судскиот совет. Зошто тука не стои таа формулација: припадници на заедниците кои не се мнозинство, иако мене ми се дига коса од таа формулација искрено да ви кажам. Меѓутоа, ја наоѓам суштината и врската зошто не е наведено токму во овој амандман. Се прашувам, дали со именувањето на двајца членови во судскиот совет ние ќе имаме независно и ефикасно судство, ако од друга страна знаеме дека Советот брои 15 членови од кои осум се од редот на судиите, тројца се оние кои ќе ги предлага Собранието. Тоа се 11 од вкупниот  број 15, значи мнозинство. Претседателот на Република Македонија ако веќе се сака да му се даде тежина, со овој амандман тежината тука се губи. Ништо не значи тие двајца негови членови. А од друга страна во предлогот на амандманите мандатот беше шест години. Јас да сум на местото на некој од тие двајца што ќе ги предложи претседателот на Републиката вечно ќе му бидам благодарна. 12 години член на Судскиот совет, треба да му изразувам вечна благодарност на претседателот, или да му изградам споменик, затоа што ме именувал за

член на Судскиот совет. 12 години, почитуван претседателе е многу време. За тоа не ја гледам смислата и оправданоста на постоењето на ваков амандман, или пак можеби оправданоста постои во менување на политичкиот систем. Надлежностите на Собранието се дадени во Уставот, надлежностите на претседателот се дадени исто така во Уставот, меѓутоа тежината на надлежностите што ги има Собранието е многу поголема од оние на претседателот.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Јас сметам дека контра аргументите, ако можам така да ги наречам на колегата пратеник не држат од неколку причини.

Првата работа која што сакам да ја истакнам е целта, како што и самиот рековте, која е целта на овие уставни измени. Две цели се главни: создавање на ефикасно и создавање на независно судство. Тие се столбови на целата реформа. Сега зборуваме за независност на судството, затоа што зборуваме за рамнотежа на властите: извршна, законодавна и судска. Ако зборуваме, и ако целта ни е создавање на независно судство, се поставува едно прашање, ова ќе го доведам во контекст со составот на Државниот судски совет. Тој по функција, значи имаме веќе дефинирана ситуација во која што изборот на судиите бил партизиран. Во таков случај имаме ситуација во која што претседателот на Врховниот суд е избран врз основа на тој принцип и тој по функција е член на Државниот судски совет. Министерот за правда по функција како член на Владата е член на Државниот судски совет. Понатаму, има тројца кои што треба да ги именува Собранието со 61 глас, значи пак од страна на Парламентарното мнозинство кое што ја поддржува Владата. Имаме уште двајца кои што сега треба претседателот на државата господинот Црвенковски, зборувам за првиот состав на Државниот судски совет, треба да ги именува исто така по свое наоѓање. Значи, од истата политичка провиниенција, затоа што и сами знаете чиј кандидат беше претседателот Бранко Црвенковски на изборите за претседател. Имаме уште осум судии кои што согласно нивната позиција на судии треба да бидат мнозинство во тој Државен судски совет и тие треба да бидат избрани од редовите на судиите. Меѓутоа, на начин кој што треба да биде утврден со закон. Што значи тоа? Ако бидат по функција избрани уште, незнам, претседателите на апелационите судови, еден да има плус, имаме Државен судски совет кој исто така е партизиран, а кој што именувањето на судиите и нивното разрешување и вкупниот нивни статус наместо од Собранието како дефиниран партиски избор на тие судии ќе се пренесе во Државниот судски совет исто така на исти партиски основи и фактички целите на оваа реформа ние нема да ги постигнеме. Од тие причини зборуваме дека потребно е да има некаков баланс помеѓу носителите на власта, помеѓу претседателот и Собранието во овој случај, затоа што јас не гледам причина да нема соработка помеѓу Претседателот на државата и Собранието усогласување по однос на имињата на оние кои што треба да бидат членови на Државниот судски совет. Тоа е главниот аргумент, а потребата од измени на Уставот е најмногу во тој дел, во делот на изборот и разрешувањето на судиите. И тоа е основната причина за сите овие шест месечни расправи кои што ги имавме по однос на уставните измени.

**Љупчо Јордановски:** Три минути госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Би сакала да разјасниме некои работи. И позицијата и власта и опозицијата тврдат дека е потребно баланс, контрола меѓу властите. Значи, тука немаме различности. Меѓутоа, различноста се состои во тоа што вие колега тврдите дека со директно именување од страна на претседателот ние ќе постигнеме некаков баланс и контрола меѓу властите, а опозицијата тврди дека токму преку правото на именување на претседателот и избор од страна на Собранието на тие двајца членови во судскиот совет ќе имаме вистински баланс и контрола меѓу властите. Ако е вашето тврдење точно, како ќе знаеме кого и зошто претседателот именувал во судскиот совет. Кој ќе го контролира претседателот како еден дел од извршната власт. Значи, тој ќе си именува, ние ќе прочитаме во службен весник, или каде ќе биде објавен, дека тој именувал двајца членови. Решението што го нуди опозицијата верувајте е посоодветно да се обезбеди контрола меѓу властите. Не зборуваме ние само контрола меѓу судската власт и извршната власт. Ние зборуваме за контрола помеѓу сите власти. Вака Собранието ќе има увид што предлага претседателот, зошто предлага, ќе расправа по таквиот предлог и ќе го избере нормално ако е соодветен предлогот за да биде член во Судскиот совет. На тој начин навистина ќе имаме вистинска контрола и баланс меѓу властите. Тоа е едната работа околу која сакав да расчистиме.

Втората работа, мислењето на Венецијанската комисија. Венецијанската комисија немојте да заборавите дека мислењето на Венецијанската комисија што е дадено е дадено врз основа на првичните амандмани. Сега кога сме веќе таму да потсетиме дека таму беше даден и амандман двајца членови да именува и во Советот на обвинители. А таквите решенија апсолутно не ќе беа конзистентни со сегашниот член во Уставот каде што пак во Уставниот суд ќе имаше само право на предлог. По што тоа се разликува Уставниот суд, по што ќе се разликува Советот на обвинители и Судскиот совет ваму да има право на директно именување, а ваму да има само право на предлог. Единствено каде што именува претседателот е Советот за безбедност кој има сосема поинакви ингеренции, сосема по инаква позиција, не е власт.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господинот Ивановски.

**Игор Ивановски:** Сосема свесно во една минута, јас имам две реплики, ако стигнам. Значи, излегува дека мојата дискусија или не сте ја слушале, или очигледно не сакате да ја перцепирате, или да ја разбирате како таква. Значи, повторно ги слушам истите работи, зајакнување на политичко влијание, менување на политичкиот систем, на демократијата во Македонија. Контрола на претседателот. Собранието не прави контрола на претседателот во судската власт. Ние овде не разговараме за контрола на Собранието над претседателот. Зборуваме за она како да направиме независно и ефикасно судство. Да не ги измешаме тезите и она за што денеска разговараме. На крајот на краиштата, пред малку заборавив, ако ние сакаме да имаме комплетно независно судство, тогаш треба да се откажеме и од Комисијата за избор и именувања каде што јас и колегата Караџоски и други сме членови, па ние воопшто и да не разговараме, да даваме предлози. Собранието на крајот не мора ни да ги бира. Еве, судиите сами нека си избираат. Имаме комплетно 100% судство, гаранција ли е дека тоа е независно и ефикасно? Не. Значи, да не ги злоупотребуваме тезите.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Господине претседател, госпоѓо министер, почитувани колеги,

Се разбира дека ова е едно од прашањата, јас така гледам, мислам од амандманите по кои може и да се најде некој консензус и да се доближиме до реалноста амандмание да бидат усвоени.

Во таа насока ќе ги изнесам своите размислувања кои не се разликуваат битно од она што го застапував до сега и што го искажав на седницата на Комисијата за уставни прашања. Веднаш да кажам на почетокот дека ова што го правиме сега со уставните амандмани практично правиме претпоставка за обезбедување на самостојно независно професионално судство, затоа што тоа и до сега не е пречка. Апсолутно не смета, не е уставна пречка судиите така да работат. Но, внесувајќи вакви норми и менувајќи го Уставот во оваа насока создаваме нормативни претпоставки и многу поголеми обврски. Но, во исто време мислам дека го менуваме и политичкиот систем ако остане овој амандман. Јас веднаш да кажам дека се залагам уставниот поредок на Република Македонија, па ако сакате и политичкиот систем кој што е дефиниран во Уставот како политички систем на парламентарна демократија да не го менуваме суштествено. Да остане во Уставот решението по однос на правата на претседателот кога станува збор за Републичкиот судски совет, тие што се сега во Уставот. Од причина што сметам дека сепак, таа рамнотежа за која толку време разговараме овде ќе се поремети.

Од причина што сметам дека сепак таа рамнотежа за која долго време разговараме овде ќе се наруши во смисла, за сега тој чекен баланс таа рамнотежа на носителите на власта уставното решение за позицијата на Парламентот е дека тој сепак е позначајна власт во државата, говорам условно речено, бидејќи тој има право да имбична атима, можност да покрене против претседателот на државата пред Уставниот суд додека претседателот на државата таква можност да го распушти Парламентот нема. Тоа покажува дека позицијата на Парламентот сепак е доминантна кога станува збор за политичкиот систем на парламентарна демократија кој што е правен во нашиот Устав. Поради тоа се залагам да имаме консеквентно изведен политички систем.

Домашните аналитичари и оние странските кои го следат нашиот Устав говорат од време на време и кога пишуваат критични ноти дека македонскиот политички систем не е до крај изведен систем на чиста парламентарна демократија, туку има елементи на полупретседателски систем. Со вградувањето на овој амандман во Уставот мислам дека и тоа се потврдува, се вградуваат елементи на полупретседателски систем, се зголемуваат ингеренциите на претседателот на државата. Тоа го потврдува и самото образложение на уставниот амандман.

Со овој амандман се менува надлежноста на претседателот на државата во сферата на правосудството, односно во судскиот систем. Беше речено, јас само ќе повторам со цел да биде појасна мојата теза дека претседателот на државата ако треба да му се менува позицијата нека не менува и кога станува збор за избор на судии на Уставниот суд. Нека именувам, не да предлага, туку тој именува само членови на Советот за безбедност, што е сосема логично бидејќи тој претсдава со Советот за безбедност и Советот за безбедност е советодавно тело, нема непосредни ингеренции, ниту надлежности, како што тоа го има Судскиот совет.

И што е најважно, но мислам дека е квалитет, иако сакаме формално да не се менува или да ја зголемиме надлежноста на шефот на државата суштински тоа нема многу да влијае бидејќи според амандманот 28 Републичкиот судски совет е независен и самостоен во вршењето на својата функција.

Претседателот не може да им даде императивен мандат на овие двајца членови на Судскиот совет и да им каже вие има да гласате само така и така. Ако е така, тогаш е погрешно, односно ако се мисли дека претседателот треба да им даде императивен мандат за кој судија или за избор на која личност да гласаат, тогаш тоа не е во ред. Во ред е од аспект на политичкиот систем на парламентарна демократија кој систем сакаме да го изградиме. Според тоа мислам дека претседателот треба да си остане да предлага членови, а Собранието според својата уставна позиција да ги избира. Своето влијание може да го оствари со функцијата како авторитет чиј легитимитет произлегува од граѓаните, како

впрочем и тоа денес што го прави. Шефот на државата влијае со авторитетот на функцијата и кредибилитетот на непосредните избори што ги има од изборот на граѓаните и може многу битно да влијае на креирањето на севкупната политика на државата, па ако сакате и во сферата на правосудството. Впрочем, тоа не е ни ново, претседателот на држ авата откако започна оваа идеја околу уставните амандмани оствари средба со луѓето од судскиот систем, со сите и имаше реакции од јавноста дека тоа не треба, тоа е мешање на претседателот на државата во работењето на судскиот систем.

Според тоа мислам дека сме поблиску и поконсенквентни со чист парламентарен систем, а ако си останеме на постојното решение и ако од тој сооднос на законодавна извршна и судска власт позициите останат сосема чисти. Мислам дека постојните решенија на Уставот на Република Македонија ја обезбедуваат таа рамнотежа и меѓусебна контрола и што е најважно-доминантна позиција на Парламентот бидејќи имаме парламентарен систем.

Единствено од таа уставна позиција го извлекувам и заклучокот дека ова решение кое што е сега во Уставот не треба да го менуваме и мислам дека доколку тоа се усвои ќе тендираме кон зајакнување на функцијата на шефот на државата, сега со овие измени, следната фаза можеби со некои други, а мислам дека тоа на едно мултиетничко општество во Република Македонија кое што е хетерогено и на етнички и на политички план не му е  добра препорака. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Денес со овој амандман можеби и не сакав да говорам, но бев испровоциран од аргументите на колегите од позицијата. Очекував дека моите колеги од опозицијата, посебно од опозиционата ВМРО-ДПМНЕ ќе изнесат повеќе аргументи во однос на овој амандман, но тоа е веќе нивни проблем и мислам дека целокупната дискусија која што до сега ја слушавме и од нашите колеги и од позицијата покажува дека и самите не се убедени дека овие уставни измени всушност одат кон измени на нешта кои што апсолутно во почетокот не говоревме, а сега тоа е измената и добивањето на правата на претседателот на државата.

Од 1990 или 1991 година како што кажуваме сме имале неколку избори на претседател и знаеме сите како тие избори завршија и јас од тука го гледам тој легитимитет затоа што веќе забораваме дека во овие уставни измени пред овој амандман имаше еден друг амандман каде што требаше цензусот на избор на претседател на држава да биде сведен на 1/3, но ете тоа се повлече. Значи, од една страна сакаме да го делегитимираме претседателот, од друга страна со овој амандман што сега го предлага Владата ние доаѓаме во ситуација да ги зголемиме ингеренциите на она што значи претседател на држава.

Јас во основа, бидејќи не сум правник, но мислам дека добро ги владеам бројките, се трудам во тој дел да сведам се на математика и бројот на овој државен судски совет што треба да го формираме од тие 15 луѓе двајца треба да предлага претседателот на државата, или тоа е некаде 13,3% еден дел од извршната власт, а тоа е министерот, за кој што понатаму кога ќе говориме за државниот судски совет ќе кажеме повеќе. Значи, извршната власт би функционирала некаде со 6,75%, или половина од ова што го има претседателот, Парламентот со 20%  и овие три предлози и останатото би биле судии. Тука го нема мојот почитуван колега Игор Ивановски со кој што јас се согласив со еден дел од неговото излагање, а тоа е дека 1991 година ние не донесовме се како што треба и не беше се најдобро, но имаме една ситуација со која што се согласувам со него дека судиите ќе одлучуваат, и со ова доаѓаме во ситуација судиите да одлучуваат само за себе,  но од друга страна не значи дека тоа ќе биде објективно. Тоа, апсолутно го поддржувам и кај мене се јавува една скепса во однос на ова што до сега сме го направиле како Парламент, во однос на она што како Собрание во кое што сме учествувале и ние како опозиција и цело ова Собрание, заедно сите колеги во кое што сме избрале судии за кои што судии тука не станувало ни збор, некои сме ги бирале и покрај тоа што доаѓале од Републичкиот судски совет, за кој самите кажуваме дека треба да биде едно тело од фелата на судиите и каде што ние како Собрание треба да веруваме во нивниот исход. Но, што се случуваше колеги пратеници знаете и вие подобро од мене. Тука на голем број предлози апсолутно парламентарното мнозинство не им даде доверба на одредени судии и покрај тоа што два пати, три пати беа предлагани од Републичкиот судски совет, а притоа без да слушнеме ниедна забелешка за истите дали истите работеле добро, дали има забелешка во однос на нивното знаење, познавање или останати работи. Тие судии сега во моментот функционираат во македонското судство.

Ние се трудиме со овие закони, со овој амандман и понатамошните амандмани да добиеме независно судство. Каде се нашите главни забелешки по однос на дополнителните надлежности на претседателот со овој амандам ќе доведат до мешање на надлежностите на претседателот на државата со оние на законодавната и извршната власт. Да се избегне ваквата состојба ние предлагаме она што стоеше во Уставот, како што вие пишувате со овој амандман во членот 84 алинеја 5 да си остане истото-судите да бидат предлагани и да бидат бирани.

Бевме сведоци на една ситуација кога предложените кандидати токму од ова Собрание и тоа по два или три пати од претходниот

претседател на државата тука тие предлози глатко беа одбивани со тоа што не слушнавме ни аргументи, а кажувавме дека тоа е политичка причина. Но, тука е разликата на претседателскиот систем и ова што значи парламентарна демократија, како што барем јас ја разбирам во Република Македонија, затоа што до сега ниеден претседател во државата не станал претседател како независен кандидат. Зад него застанале политичка партија или група на политички партии и бројот на оние кои што гласале непосредно на тие претседателски избори до сега секогаш бил проблем и секогаш легитимитетот на претседателот бил доведуван во прашање. Токму на овој начин, не знам ние дали ќе му помогнеме, се согласувам тука со господинот Ивановски, за да постигне поголема сила, моќ, влијание, авторитет. Сето тоа претседателот може да го постигне само со работа и само со она што значи негов ангажман во однос на се она што значи држава и она што народот му ја дал довербата и во неговите категории каде што тој треба да управува и раководи, но тоа е една друга ситуација за која што конкретно во овој момент не би сакал да говорам и не треба да говорам затоа што не говориме за конкретен претседател, туку говориме за претседател кој ќе биде во иднина и кој што треба да ги има или да ги нема овие права.

Мислам дека со тоа што тој би предлагал двајца луѓе во овој судски совет апсолутно лично тој не добива многу затоа што не знам колкаво ќе биде влијанието, веќе доаѓа ситуација 50% од народот да го бира претседателот, тогаш ќе дојдеме во една друга ситуација кога наредниот пат Владата, доколку е од извршниот дел на власта тој претседател да побара утре да предлага пет или седум такви советници од редот на истакнати правници, професори и сличнно. Тука ќе дојдеме во еден конфликт на интереси, затоа што со ова што веќе правиме некоја измена на претседателски систем сите ние заедно даваме визија или даваме дозвола утре некој друг да излезе со други аргументи, како што денеска слушнавме и за жал што не можат сеуште да бидат реализирани, денеска слушнав од некои голеги од позицијата дека тоа утре можеби да стигнеме не до независно судство, туку да стигнеме до комплетно зависно. Зависноста на овој систем што сега сакаше да ни го објасни колешката Каролина Ристова, која што во моментот не е присутна, се надевам дека слуша, тоа не можам да го прифатам и сум на некој начин срекен затоа што не може да се случи извршната власт да го суспендира Парламентот, да го распушти и да распише нови избори.

Мене ми е многу жал што стои другата варијанта и сите што се најдовме во таа замка, барем поголемиот дел од колегите од позицијата дека во моментот Парламентот е претворен во сервис на извршната власт. Тука е најголемиот проблем, затоа што наместо Парламентот како законодавен дом да ги упатува законите кон извршната власт ние сите тука сме сведоци дека барем 95% од тие закони од извршната власт доаѓаат во Парламентот за да се донесат денес за вчера и ние сите имаме некое избрзано, некој начин на кој едноставно се носиме во една многу тешка ситуација. Зошто го говорам сето тоа?

Затоа што и последниот пат она што ни го предложи Републичкиот судски совет, изборот во кој што сите вие учествувавте тука на 17 судии сега се прогласува дека не е уставен и дека начинот на изборот на овие 17 најнови судии веќе ќе претставува проблем, затоа што Врховниот суд не дал мислење за нивниот квалитет или можност да бидат избрани за судии. Кај нас беше тоа предложено денес за вчера, ние тука ги изгласавме сите тие судии и денес се во системот на судството. Што ќе се случи утре, дали со ова вие како министер за правда, дали ние како Собрание и дали Републичкиот судски совет ќе има можност сето ова да го оправда, затоа што колегите судии едноставно не дале мисељње за оние што ги предлагаме како судии, а ние тука си носиме одлуки за да го направиме сето тоа.

Значи тук е нашиот проблем. Треба да знаеме дека Република Македонија, без разлика со сите свои грешки и фалинки, како што кажуваше сегашниот претседател-грешки и во Уставот, затоа се работело на него да го промениме, не можеме како Парламент да си дозволиме некој да избира некого а вие тука како главен именувате двајца членови на судскиот совет, јас подразбирам дека ако некој именува, утре може и да ги разреши. Значи, апсолутно никаква контрола во однос на она што значи Парламент, во однос на она што значи судии, истакнати лица што за мене е дискутабилно, но ќе говорам понатаму по другите амандмани кои сето тоа ќе го утврдуваат и тука ќе се јави најголемиот проблем.

Во однос на Венецијанската комисија многу од колегите веќе ја спомна, но никој не спомна дека пред Венецијанската комисија и неколку надворешни стручни организации кои даваат мислење на тие тркалезни маси говореа и за овој цензус за кој говоревме дали ќе биде 1/3, дали претседателот ќе го бира Собранието. Значи тој член веќе го отфрламе и ние сега се префрламе само на овој член каде што вие предлагате само двајца луѓе кои што може да ги предложи претседателот на државата да бидат директно дел од овој судски совет.

Значи тука имавме и ќе имаме такви проблеми затоа што сведоци сме дека претседателот на државата, барем, до сега кажав е избран како дел од некој политички субјект или политички субјекти, па изјавите "не ме оставајте сам", или "СДСМ ми е во срцето", тоа е дел што овие двајца покрај тие тројца што ако се бираат на избори каде што имаме само мнозинство на пратениците во Собранието тогаш добиваме во стаерт уште пет луѓе кои што се политички дефинирани и сега говориме понатаму за независно судство. Јас не знам што ќе се случува

затоа што и ова што до сега се случуваше мене не ми личи на независно, затоа што јас очекував дека во Собранието ќе добиваме, ако ние не знаеме, но да добиеме три-четири кандидати врз кои ќе можеме според критериуми и мерила и правила да одлучиме, но таква работа не ни се случила, затоа тоа го читаме по дневниот печат и информациите кои доаѓаат директно од редовите на судиите, за жал, и кои што се многу негативни во однос на оценките на тие судии.

Но, уште еднаш ќе кажам дека Република Македонија мора да остане ваква каква што е, парламентарна демократија без разлика како некој тоа го сфаќа или не го сфаќа, ингеренциите на претседателот се тие што се, ако треба да се носи нов устав комплетно каде што ќе преминуваме кон претседателски систем тогаш треба и овој Парламент да биде запознат, а не на овој начин со вакви амандмани едноставно претседателот на државата да добива ингеренции во делот каде што апсолутно не му е местото, затоа што говориме за независна судска власт и мислам дека токму овие амандмани и овие расправи што ги правиме во претходните шест месеци се дел од она што сите заедно го сакаме-независна судска власт. Дали тоа ќе ни се случи ќе покаже времето, затоа што јас ви кажав сето ова е во ред, но сега ова треба да се реализира. На хартија многу пати многу работи изгледаат многу убави, но во стварност тоа е многу тешко да се реализира. Затоа јас се придружувам на колегите од ВМРО-Народна партија, кажувам дека ова е за нас многу битен амандман и дека ќе гласаме против овој амандман, што значи и понатамошната расправа, аргументите што ни ги изнесоа господата од позицијата, барем до сега што се обидоа да ни ги изнесат апсолутно се неприфатливи и остануваме до крај, мислам дека после овој амандман може и комплетно целата атмосфера да биде пренасочена во друга насока.

Не би сакал да се случи тоа затоа што сите заедно треба да бидеме свесни, ако некој бара отстапки од опозицијата, да прифати дел од она што е аргументирано и тоа што е дел од ова што функционира и од опозицијата. Така што сите заедно да ги донесеме овие амандмани и на крајот на краиштата да го донесеме и Уставниот закон со кој ќе може да бидат реализирани овие амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за господинот Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Со последните неколку дискусии очигледно се свртува расправата по овој толку битен амандман во една сосема погрешна насока, би кажал и затоа во контекс на аргументација на поддршката на овој амандман, покрај она што моите колеги го истакнаа, ќе го истакнам уште следното:

Не е само Венецијанската комисија, туку и Советот на Европа односно Венецијанската комисија како главен орган токму на Советот на Европа дава поддршка на едно вакво уставно решение односно пристап кон измените на Уставот.

Имав голема среќа што овие два месеци додека траеше јавната расправа, се обидов и успеав да дојдам до некои решенија во соседните земји и да видите какви интересни состојби има. Така на пример во Република Хрватска се тргнува од еден сосема обратен показател, навистина, претседателот на државата во нивното државно судско веќе, или како се викаше, исто така и во Босна и Херцеговина каде Државниот судски совет е составен само од тројца претставници, да видите таму какви ингеренции има, така да кажам шеф на државата или претседател. Меѓутоа, овде се работи за нешто многу специфично. Од една страна велиме дајте ние Собранието веќе да се тргнеме и да не бидеме оној клучен фактор каде одбиваме предлози за избор на судии на Републички судски совет, каде не гласаме за предлози за Претседател на Републиката, за избор на членови на Републички судски совет и тн. Значи од една страна сакаме тој баланс да го тргнеме од Собранието, а од друга страна повторно се враќаме, ајде претседателот нека именува. Со фудбалски жаргон да се изразам. Ако имаме ситуација 8, 3,2 и нормално 1,1 по функција, еве го Судскиот совет од 15 члена, 8 од редовите на самите судии, 3 ги бира Собранието, двајца именува. И ќе видите во амандманот 28, алинеја 6 или 7 дека Судскиот совет ќе се состои и од избрани, но и од именувани функционери. Сето тоа ни дава за права да кажам дека се врши една многу поголема сама внатрешна контрола, а не нешто обратно, се зајакнуваат позициите на претседателот. Со што? Со именување на 2 члена во Судскиот совет. Од сите тие причини мислам дека аргументите навистина држат.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, имате една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Јас не слушнав друг аргумент освен тоа што го говоревме и до сега. Ако е толку не битно за претседателот да ги именува тие двајца членови, јас не знам зошто во амандманот сега е толку битно да ги поставиме тие два во однос на овие 15. Собранието дали ќе именува 3, или нема да именува, повторно треба да го дефинираме со закон и тоа со двотретинско мнозинство каде што ви кажав до сега со изборот на судии со 40 пратеници, поминаа сигурно стотина судии. Колку се тие независни, најдобро вие знаете. Значи тука е основниот проблем, а ние со овие двајца апсолутно не решаваме ништо во судскиот совет. Контролата некој мора да ја има. Дали тоа ќе бидат самите судии, во што се согласив со господинот Ивановски дека многу тешко и сите 15 да бидат судии дека се ќе биде регуларно, после досегашниот избор на судиите и како понатаму ќе се одвива тоа, само ќе покаже времето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Чашуле имате збор.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседателе, почитувани колешки и колеги,

Не слушнав ниту една дискусија во која се рече дека не сакаме реформи на судството. Значи, повеќе од јасно е дека задачата денес на маса што ни стои е да направиме урамнотежено судство кое ќе суди по законите. Јас така сакам во својата глава да го преведам тоа, независно. Значи судство кое ќе зависи од законите, бидејќи целосна независност може да се изведе само со целосна неодговорност. Сега кога веќе доаѓаме до одговорноста, јас мислам дека задачата пред нас што лежи, нема да ја изведеме до крај, а ја правиме за нас, бидејќи ни треба такво судство, а потоа таквите реформи ќе го забрзаат нашето интегрирање според вредностите и стандардите во Европската Унија. Ние оваа задача нема да ја завршиме ако на овој амандман го блокираме процесот, отварајќи ја по кој знае кој пат дилемата дали сме чиста парламентарна демократија, или полупретседателска држава. Тоа прашање заслужува промена на Уставот откако политичките сили ќе се искажат и да седнеме да дебатираме тогаш кога ќе дојде до тоа, сакаме ли да бидеме целосно парламентарна демократија или ќе имаме полупретседателски систем, како што го имаме сега. Ние не можеме со решето да го криеме сонцето. Нам претседателот ни го бира граѓанството и тој е чинител во функциите на власта и тој треба да има своја улога. Затоа молам, кога ќе зборуваме да не генерализираме. Не сета опозиција има исто мислење. Еве јас имам донекаде издвоен став и ќе го аргументирам. Гледам дека и другиот пак сегмент од ВМРО, ВПРО-ДПМНЕ, не учествува активно што го толкувам на еден одреден начин согласно со дилемите што ќе ги измислам јас овде и не би требало тоа да биде ниту скандал, ниту вознемирувачко туку дел од оваа демократија која макотрпно ја градиме 15 години. Еве ќе ви кажам.

Јас сметам дека ние треба да направиме судски совет кој ќе биде урамнотежен. Независен судски совет неможеме да направиме, па да го направиме дури и од сами судии. Зошто? Тогаш ќе создадеме еден еснаф, ќе создадеме самоуправна интересна заедница во која луѓето што сами треба да се бираат, ќе си одговараат сами на себе си. Затоа ги земаме функциите на власта, вклучувајќи ја судската, законодавната и извршната и гледаме на урамнотежен начин да ги сместиме внатре. Меѓутоа, водејќи една, да речеме наметната полемика на која не и гледам причина при овие измени на Уставот, ние заборaваме на една сосема друга димензија на парламентарната демократија и гледам дека никој овде не ја спомнува. Чекајте луѓе, судиите ќе ги бира Судскиот совет, ама Судскиот совет во крајна линија, без оглед на тоа кој ги именува судиите, треба да дојде овде во овој законодавен дом на верификација. Јас немам ништо против откако ќе се утврдат кандидатите и секој што ќе ги именува своите. Напротив ќе инсистирам тие, во законот што ќе го развиваме понатаму да дојдат овде и на комисиите чија надлежност се уставни прашања, законодавни прашања, полилтички систем, ќе реферираат, ќе го отворат своето лично судиско и општествено досие. Нека ми простат за зборот досие, но ќе бидам посовремен, да не се свати дека имам некоја полициска задна намера, својот фаел, својата папка, својот живот и тогаш ние како пратениците ќе седнеме и ќе ги вагаме луѓето. Во крајна линија нашиот збор, нашето мислење, кажаното овде, ќе треба да биде не само оценка на тој што ги предложил и што ги избра, туку ќе треба да биде и сериозно предупредување, внимавајте господа кого предлагате, заради тоа што може да не добие верификација, што не го спори вашето право за именување на тој кандидат. Но, јас не би сакал да се најдам во чевлите на еден претседател на Републиката, кога еден Парламент, неговите двајца кандидати едноставно нема да ги избере, нема да ги верификува. Тогаш тој ќе се замисли и ќе види дали неговите предлози соодветствуваат со уставната задача што тој ја има и со мандатот што го добил од граѓаните на Република Македонија. И за да не ви изгледа дека јас овде измислувам некоја топла вода, еве прочитајте ги весниците, отворете интернет, гледајте малку на кабловска и на сателитска емисија што се случува на Врховниот суд на САД каде претседателот во не дај боже ситуација сите судии да ги снема, целиот суд го бира. Меѓутоа, тој ниту во еден случај нема да си дозволи и има криза и државата во овој момент и Републиканската партија, затоа што не му минуваат предлозите со акламација, туку со сериозни забелешки некому му се блокирани во Сенатот. Чекајте сега, ако сакаме да направиме уремнотежено судство, а ако неговата независност, значи зависност од законот ќе ја оствариме само ако ги претставиме сите интересни сфери, а во случајот бидејќи се работи за Судски совет, сите сегменти на власта кои меѓусебно ќе се урамнотежуваат, а Парламентот ќе биде тој што сето тоа ќе го ратификува, на тој начин можеме да изградиме еден систем кој ќе им гарантира на тие луѓе што седат во тој судски совет и на тие судии што ќе ги изберат дека ќе можат да си ја вршат својата работа.

Јас би сакал уште еднаш да пледирам, шумот што ни е останат од претходниот поредок на самоуправувањето да го тргнеме од овде. Ние сега чекориме веќе 15 години во породеок на интерес во поредок на натпревар на интереси, во породок во кој има победнички и поразени интереси, во поредок во кој немате чист политички клистир па да речете оваа единка на ова наше општество е сосема имуна на политиката. Дома кога ќе дојдете и кога ќе се соочите со проблемите од животот, вие сепак на еден одреден начин во најширока смисла на зборот водите политика. Значи општеството што го градиме е такво да тоа е во постојана процесна игра односно процес во кој има игра на

интереси. Според тоа, ние не ќе можиме да го ослободиме претседателот, Владата, нас пратениците од фактот што нашите мандати не ги даваат граѓаните врз основа на предлог од артикулација која се нарекува партија, а која влегува во Парламентот за да застапи еден одреден сегмент или класа на општеството и ние тука треба да ги браниме интересите. Според тоа јас заговарам, со оваа поддршка на овој амандман, ама дополнета со верификација од Собранието, јас да го барам да изградиме судски сове во кој ќе бидат отворено, јавно застапени сите интереси со уставна обврска тука да ги хармонизираат и од натпреварот на тие интереси да се изберат судии кои потоа ќе можат да зависат само од законот и да носат правда. Ако и понатаму продолжиме да се натегаме околу тоа дали сме парламентарна или полупретседателска демократија, ние ќе го блокираме овој процес, а верувајте ми јас сум последниот што ќе сака да го види овој процес блокиран. Пак ќе кажам, не заради тоа што некоја си комисија во Брисел или некој си совет на Европската унија, кого гопочитувам, во декември месец ќе треба да стави печат на нашата кандидатура, туку заради тоа што на оваа држава, после 15 години талкање низ коридорите на демократија преполна со аномија, со поимови чија вредност и стандарди не ги познаваме и е потребно судство кое ќе почне, не заради некој трет, туку заради нашите граѓани и целата оваа статистика што ја слушнавме деновиве со илјадници блокирани предмети, да почне да биде поефикасно. Затоа велам да не губиме време на овие работи сега. Допрва ни претстои и со ова ќе завршам, најважната работа, а таа е да направиме систем на закони, кодекс во кој хиерархијата на новите вредности на овие судии кои ќе бидат избрани со овие стандарди јасно ќе им ја предочиме и од неа ќе зависат, а таа е заштита на имотот, на здравјето и на животот на неговото величество граѓанинот. Државата, партиите, поредокот, сето тоа треба да се тргне од тој шум и да почнеме, заради нашите сопствени граѓани, да функциониаме како демократија која заради изборот на некој претходен Парламент, има полупретседателски систем. А ако сакате, навистина јас сум зговорник на тоа, да се дефинираме како држава до крај, јас сум за парламентарна демократија, ама да го смениме тој чин на Уставот и сите други што доаѓаат во една друга процедура.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам на експозето.

Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувана министерки, почитувани колеги,

Се надевав дека денес, со оглед на сите консултации што ги извршивме со премиерот, ќе го совладаме побрзо овој проблем со кој се соочувваме и ќе го утврдиме овој амандман така како со прифаќање на оние предлози кои опозицијата доста едногласно ги достави. Ако се очекува некој раскол во позицијата и дека по ова прашање ќе се добие поддршка на Предлогот на Владата, мислам дека тоа е сепак изгубено веме, само ќе продолжиме овде да се распаваме.
Мое уверување е дека опозицијата нема да гласа за предлогот на владата така како што е, ако не биде прифатено нејзиното укажување, што се однесува на претседателот. Тоа треба ви биде познато.

Јас исто така мислам дека ние денес не треба да се впуштаме во широки расправи, дали нашиот систем е претседателски, дали е полупретседателски, или е чиса парламентрна демократија и тн.

Она штто во нашите контакти со премирот го истакнувавме од првиот ден, беше дека во областа на судството треба да се стремиме да направиме решенија во Уставот кои се компатибилни со оние што светот ги познасва и особено со оние кои потекнуваат од земјите од Европската унија. Тие компатибилни решенија и по устројството на судството и по објективноста, и по ажурноста на судовите овде, ќе даваат ефекти како што е и таму и земјата ќе доживее едно отварање, сигурност и за инвеститори и за грфговски и за заинтересирани компании. Но тогаш укажувавме дека ограничена е можноста така да постапиме, ако го зафатиме само судскиот сегмент. Кажавме дека мислиме оти нашиот уставен систем не е компатибилен со Европскиот и на Секторот на законодавната власт и на Сектотот на извршната власт. Така како што не е компатибилен тој дава други влијанија, други притисоци, зазема друга улога во односот на судската власт, дури и тогаш кога ќе ја реформираме.

Само ќе кажам дека ни еден европски Парламент не се самораспуштил. Нашиот само се распушта. Затоа кога ќе настапи битна разлика во расположението на електоратот во однос на политиката на мнозинството кое го дал на последните избори, оично тие сигнали се добиваат на различни начини, тогаш во тие земји се оди на предвремени избори. Кај нас тоа не е можно. Треба 61 пратеник да гласаат. Тоа е едното. Законодавната власт значи не е компатибилна поставена со она што се случува со законодавната власт во тие земји, т.е. принципот на среќен баланс не функционира во однос на Парламентот.

Кај извршната власт, таа кај нив е неподелена, а кај нас е поделена. Кај нив е неподелена и тоа е првиот принцип, извршната власт е неподелена. Кај нас е поделена на Владата и на Претседателот. Е, сега, внатре во поделената извршна власт ние ја немаме позицијата на премиерот што тие ја имаат. Ние имаме формално во еден член на Уставот дека ја претставува Владата, но во Парламентот тој ја претставува Владата само кога се потпишува кога ќе биде овде претставник по поедини точки. Инаку, Уставот вели дека премиерот одговара и секој член на Владата. Пред Парламентот

одговара премиерот и секој член на Владата, никаде не е така тоа. Министрите, членовите на Владата одговараат пред премиерот, а не пред Собранието. Пред Собранието одговара само премиерот. Нас не не препознаваат таму на Запад како и со кого да имаат работа овде. Затоа, нашите членови на Влада и министри многу им е поважно да се врзат со своите партиски врхушки и да си ја држат таа линија. Затоа, кај нас каква и да се направи коалиција, не обезбедува компактност со Владата под диригентска палка на премиерот. Типичен е примерот на господинот Бучковски. Со сите сили сака да направи реконструкција, да исправи нешто, не може, не му даваат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов, јас сепак би ве замолил да говорите по амандманот.

**Стојан Андов:** Сакам да кажам зошто расправаме ние овде. Ние овде расправаме за односот на властите, за тоа ние расправаме и тоа го покрева овој амандман кога сака да ја промени барем малку позицијата на Претседателот во однос на судската власт. Ако сакате тоа да не го расправаме, тогаш јас ќе си седнам и ше кажам дека ќе гласам против и готова работа. Луѓе, јас сакам да се разјасниме за што расправаме овде и како да ги решиме работите.

Бидејки, тоа е така и бидејки не се тргна по тој пат да се направи поголема реформа во изградување на решенија компатибилни со Европската унија и со сите решенија на Запад во властите, во извршната власт, во законодавната власт и во судската власт, се зафативме само со судската власт и со овие амандмани, тогаш да не чепкаме во односите меѓу властите. Така како што е сегашно решение, досегашно решение, Претседателот да предлага двајца членови на државниот судски совет да си остане да ги предлага. Ние да не даваме спротивни сигнали на Европа дека нешто друго намеравме или кон друго туркаме. А, другите уставни реформи да не чекаме да не притиснат, како за ова што не притиснаа, сами треба да си ги покренеме, а тоа останува на Владата и на политичките сили кои имаат мнозинство сега.

Да завршам, ви кажувам прифатете ги уставните забелешки на опозицијата по овој член. Да останат чисти работите, за да можеме да продолжиме да работиме по амандманите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки, нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман за менување на точка 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Евтим Манев поднесоа амандман на точка 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот 22, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Политичкиот концензус потребен за донесување на амандманите на Уставот на Република Македонија започна уште во почетокот во првата фаза кога беше пдоржана иницијативата за пристапување кон уставни измени и трае и до оваа завршна фаза кога треба сите заедно со политички концензус, фактички Собранието да ги донесе уставните измени. Јас сега нема да зборувам за аргументите за и против решенијата, бидејки сите ние имаме право на различни мислења и ставови, важно е во овој момент во интерес на нашата држава да го постигнеме тој политички концензус. Од тие причини само ќе кажам дека амандманот на господинот Жарко Караџоски го прифаќам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на амандманот 22.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот 22, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Со прифаќањето на претходниот амандман мислам дека се прифаќа сето она што е предмет на овој амандман, така што не би можела повторно истиот да го прифатам, бидејки е веќе прифатен.

**Силвана Бонева:** Бидејки е прифатен и идентичен амандман, значи целта е остварена и амандманот го повлекуваме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот борј на пратеници и ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 83 пратеници гласале за, нема воздржани, 2 се против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор и го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на точките 1 и 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на амандманите.

Пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и Евтим Манев, поднесоа амандман за менување на точка 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 на текстот на Предлогот на амандманот 23, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и Евтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓеорѓиевска:** Благодарам.

Со оглед на тоа што Владата имајќи ги предвид амандманите поднесени од пратениците, Владата достави предлог за измени и дополнувања на овој амандман претходно доставен, така што овој амандман што сега е доставен од страна на Владата ние го подржуваме, а тоа значи дека Предлогот на пратениците за измени не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен од процедурални причини.

Госпоѓо Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Сооглед на фактот дека Владата ги имаше предвид сите оние аргументи на опозицијата и поднесените амандмани во врска со ова прашање, сега веќе соновиот амандман на Владата, нашиот амандман станува беспредметен, бидејки поголемиот дел од нашите барања се вградени во амандманот на Владата и ние го повлекуваме нашиот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Господине Флоровски, повелете.

**Александар Флоровски:** Претседателе, мислам дека не е во ред она што го направивте. Не е коректно како колеги пратеник да се пријави, а вие тоа да не сакате да го забележите. Не знам од која причина, затоа што по било кој амандман ќе се јавам и ќе кажам она што сакам да го кажам во форма, која нема да ја наруши практиката на нашето работење овде.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски вие имате збор, а не сте првиот кој што, еве заборавил да се пријави.

**Александар Флоровски:** Не, јас на време се пријавив, но не е битно, не сум расположен за кавги, не сум ни дојден овде за кавги.

Читајќи го експозето, воведот или излагањето на министерката, стекнав еден впечаток, а се во контекст на амандманот 23 новоподнесениот, затоа што стариот се брише, секаде говорите за судството, судската власт, имплементирање на европското законодавство во Државава, што е еден позитивен и добар момент и е за поздравување еден ваков чекор. Дали е тој доброволен од Владата или е изнуден од странските фактори, не навлегувам во тоа, но добро е да се почне и да фатиме чекор со Европа во оваа многу битна област. За да се нема сомнеж дека досега судската власт не работела баш онака како што треба, затоа што според излагањето велите дека со сите овие нови решенија, ќе дуваат нови ветришта, ќе се создаде една нова клима во македонското судство. Значи, досега постоела една подруга клима аналогно на сето ваше излагање, една клима која во судството владееше кога беше предизвикано од одредени партиски притисоци. И, како жртви на таа политика во судството, паднаа многу ВМРОВ-ски кадри. И, тука ќе завршам, затоа што вашето излагање говори многу јасно, многу едноставно, само треба да се прочита и да се проанализира. Но, поентата на амандманот 23, вака искрено да ви кажам го сваќам како уљез, како диверзант во овие 15 амандмани. Јас не ја гледам поентата на овој амандман предложен, кога во сето ваше излагање говорите во врска со судството.

Новиот амандман, стариот амандман 20 се брише, а новиот гласи вака " точката 1 се менува и гласи: Претседателот ужива имунитет", се мисли на претседателот на Владата " за неговиот имунитет одлучува Собранието". Мнозинството е од СДСМ и ќе нема проблем во таа работа и да не ужива имунитет. И било кој утре да дојде и да го донесеме овој амандман и да не се изгласа имунитет на претседателот на Владата, до колку се има обезбедено парламентарно мнозинство, исто како да има имунитет.

Исто така во образложението велите дека се повикувате на препораките на ГРЕКО

групацијата, која ако не се лажам е групација која се бори против корупцијата и т.н. , што од една страна е позитивно и за поздравување. Но, нашата практика на прифаќање на разно разни препораки од разно разни меѓународни организацииод ваков или таков профил, несекогаш значат и добри решенија.

Што сака, всушност, да каже овој амандман овде? Кога реков дека овој амандман уљез или диверзант во сите други амандмани, га мислев и во буквална смисла на зборот. Зошто се прави дистинкција или разлика меѓу премиерот и минситрите. Јас не знам воопшто на Влада како помина едно вакво решение кога исто и вие имате една одговорност и одгварате не само пред овој македонски Парламент, одговарате и пред целокупната македонска јавност, затоа што ова јавно се пренесува, да не уживаат имунитет.

Јас сакам следното да го потенцирам. Дали ов ане значи само рекламирање на премиерот на Владата, божем покажување на добра волја и отворени порти, доколку некој згеши од министрите и да одговара или претставува фол јазик. Што сакам да кажам? Дали ова вистински го мисли или е фингиран потег. Зошто велам фингиран потег? Зарем министерот за внатрешни работи од СДСМ ќе гони министер на СДСМ во истата Влада и колега? Нема логика. Значи, кога реков само рекламирање на премиерот, значи божемно покажување на добра волја да се одземе имунитетот на минситрите, а колку се тие на број 15 до 20. Јас не знам кој друг ужива имунитет освен пратениците, сега и судиите, вас министрите, премиерот, но не знам замениците дали уживаат имунитет. За колкава бројка на луѓе се работи овде, за 15 или за 20 души? И тие ќе значат некој радикален пресврт во нашето работење и помалку да се краде од државната каса? Нормално, некои можат, оние кои имаат параф и потпис.

Знаете, многу чудно ми паѓа премиерот да биде во привилигирана состојба, а министрите да бидат луѓе за отстрел. Која беше поентата од сето ова, не можам да кажам. Тука и самата Комисија даде сопствено мислење дека и Владата и министрите не би требало да уживаат имунитет, ако министерот е тој кој ја одбира Владата и одговара за тие кадри, треба да биде во ист кош со вас минситрите. Зошто да има посебна привелигирана улога. Ако се кастрат имунитетите на министрите, тогаш до колку вашите заменици исто така имаат имунитет, тогаш треба и на нив да им се скастри имунитетот.

Што кажува јавната расправа, каде што беа повикани стручњаци од вашата бранша, од вашиот еснаф, правници, доктори на науки, експерти, правници од вашата област, каде што од една страна се повикуваат на некој функционален имунитет, односно имунитет при вршење на функција, што е еден термин што не знам дали луѓето ќе го разберат? Тоа значи до обавување на функцијата? Значи од изгласување до завршување на мандатот, тоа значи обавување на функција. Дали тоа ќе биде година, две, три, мене не ми е воопшто битно. Но, формулацијата дали тоа значи, затоа што не ви е напишата на чист македонски разбирлив јазик. Служете се малку помалку со правни термини. Ние, обичните смртници, кои сме пратеници овде да можеме некои термини да разбереме.

Терминот "функционален имунитет" го подразбира онака како што го спомнав, додедка трае функцијата да уживаат имунитет. Тоа ли значи функционален имунитет? Или значи нешто друго што е неразбирливо за мене, како пратеник. Мене не ми е срам да прашам што значи функционален имунитет. Значи, дел од стручњаците се повикуваат на препораките од Греко групацијата. Инаку, има еден познат сликар Ел Греко, шпански сликар од грчко потекло и ме потсетува на него кога ќе прочитам Групацијата Греко. Велите дека такви решенија има во Германија, во Италија. А останатите 20-тина европски држави, какви решенија имаат? Требаше и нив да ги нотирате овде, за да можеме да донесеме полноважни одлуки. Тоа е одлуката дали овој амандман да го прифатиме, јас да го прифатам, да гласам позитивно или да го одбијам и да гласам негативно?

Вториот дел од јавното мислење, односно од јавната дискусија вели вака, доколку пратениците, судиите, обвинителите се носители на имунитет, нема причина и премиерот и министрите да имаат имунитет. И, повторно ќе дојдам на она првото, дека некој нас овде не финигира, покажува божемна добра волја, дека еве, поради препораките на Греко Групацијата ќе ги жртвуваме министрите, ќе им го земеме имунитетот.

Значи, истото утре ќе го прави некоја друга политичка гарнитура. Јас говорам општо, не говорам за денешнава консталација на силите во Парламентот. Утре ќе биде некоја друга консталација.

Сакам да кажам дека, доколку некој од министрите има долги прсти, полесно ќе се дојде до него ако нема имунитет, дали е тоа поентата или пак поентата може да биде и друга, тој министер кој е фатен како брца со сопствените прсти во државната каса, да го држите полесно на узда. Едно логично, нормално размислување на еден пратеник кој не е толку изверзиран во правото.

Се поставуваат многу дилеми, многу прашања, многу потпрашања на кои што сакам да ми одговорите. А дали ќе го прифатите амандманот што е предложен од група пратеници, во моментов не е ни битно. Претпоставувам дека нема да го прифатите. Можеби ќе го прифатите амандманот на Комисијата, но и тоа не е битно во овој момент. Тоа е ваша одлука, ваша оценка, ваша одговорност. Затоа и се прашувам дали треба да ви се одземе имунитетот како министер? Затоа што постои одговорност. Одговарате за еден голем ресор, одговарате за работењето на еден важен ресор. На крајот, утре,

кога ќе дојде некоја нова влада, кога ќе почне да чепка да види како вие работевте во минатото, треба да уживате одредени имунитети. Не да се плаши човекот како што беше практика во овие изминати три години, од тој аспект јас говорам. Да не се гази по човеквото достоинство. Да не се доведуваат луѓето до таа мерка да креваат рака врз сопствениот живот.

Затоа, ако гори, нека гори целата влада. Нека се одземе имунитетот и на премиерот или нека целата влада ужива имунитет.

И тука ќе завршам, иако имам да говорам уште многу, мислам дека ја разбравте поентата на моето излегување, затоа што говорев обичен македонски јазик секој да може да ме разбере, без да ги филувам работите правнички, бидејќи не сум правник. А, постојано од оваа говорница велам - колку правници, толку мислења, толку видувања на работите.

Наравоучение од сето ова, ако премиерот ужива имунитет, сметам дека и министрите мора да имаат имунитет. Ако се одземе имунитетот на министрите, сметам дека и премиерот не треба да ужива имунитет. Затоа што утре, при некоја друга консталација на силите, бидете уверени дека прв кој ќе биде на удар ќе биде премиерот на Владата, а после министрите.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов имате збор, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Ние мислиме дека е овде понудено добро решение. Ова е вообичаено решение, правилно е и има логика. Пратениците, довербата на граѓаните што не уживаат, им дава имунитет, а тие го избираат премиерот. Премиерот, по логика, секаде ги избира министрите и тој не може да дава имунитет на министрите а пратениците на премиерот можат да му дадат. Сосема е во ред ова решение. Тој треба да го има имунитетот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски повелете.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, јас имам намера да зборувам повеќе од 15 минути, па би предложил да ја прекинете седницата, да не правам ковертирање.

**Љупчо Јордановски:** Од една реченица во текстот на законот имате намера да зборувате повеќе од 15 минути?

**Жарко Караџоски:** Да, да, имам намера повеќе.

**Љупчо Јордановски:** Значи пет зборови во текстот, 15 минути поделено со 5, тоа значи по три минути за секој збор.

**Жарко Караџоски:** Мислите дека не можам да го остварам тоа?

**Љупчо Јордановски:** Можете вие пет часови.

**Жарко Караџоски:** Па затоа, дајте пауза.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека зборуваме за текстот на законот.

**Жарко Караџоски:** Независно, за текстот.

**Љупчо Јордановски:** Ајде, да го видиме и тоа.

Дали ви се доволни 20 минути?

**Жарко Караџоски:** Не, не.

**Љупчо Јордановски:** Добро, продолжуваме во 15,00 часот.

(по паузата)

**Љупчо Јордановски:**

Ги молам пратениците да влезат во салата. Исто така нека влезе и претставникот на Владата.

Почнуваме со работа. Сега е точно 15,00 часот.

Господинот Караџоски не е тука. Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот, Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Почитувани пратеници преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, сосема накратко, бидејќи доста дискутиравме низ комисиските расправи за овој амандман. Да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да не ја напуштаат слата, бидејќи потоа тешко можеме да се собереме. Другите ќе бидат кратки ако треба.

**Силвана Бонева:** Наш став е дека не треба да се менува уставната позиција на Јавното обвинителство. Јавното обвинителство е државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела чија положба со Уставот и со Законот за јавно обвинителство е коректно решена и нема потреба од ново уставно решение.

Јавното обвинителство не е дел од судството и не смее да има статус како и судството. Од тие причини сметаме дека е оправдано нашето барање амандманот 24 да не биде прифатен и ние нема да гласаме за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе,

Сакам и јас да кажам неколку збора за амандманот 24 кој е во врска со амандманите 30 и 31 од понудените уставни измени.

Имам кус коментар за што сметам дека ова е доста значаен амандман.

Од неговата содржина произлегува дека Владата го предлага пред Собранието на Република Македонија јавниот обвинител на Република Македонија на мислење на Советот на јавните обвинители додека Владата нема повеќе да ги предлага другите јавни обвинители на разни нивоа, заменици јавни обвинители итн.

Според тоа, амандманот 24 најдобро го илустрира она што претходно го рековме во расправата по овие уставни измени.

Извршната власт во овој случај сама нуди решенија со кои се откажува од нејзините досегашни значајни надлежности и ингеренции што, според мене, е јасна порака и спрема сите органи особено спрема носителите на правосудната власт дека мора да се надминува било каква политизација на носителите на овие функции.

Овој амандман е само еден, но значаен чекор напред во тој правец, според мене.

Ваквите констатации се надевам дека се логички од одредбите на овој амандман. Ваквите заложби повеќето од пратениците ги изнесувавме и по повод расправата и донесувањето на Законот за општата управна постапка како и по повод донесувањето на другите законски прописи.

Имено, погледнато од нормативен аспект само од сегашната нормативно дозволена владина дискреција, говорам за целиот изминат период, да ја предлагаат доминацијата на високите, но и на најниските ешалони на структурата во јавните обвинителства ја криеше опасноста за влијание врз политичката неутралност на овој државен орган.

Затоа сметам дека понуденото решение можеме да го оквалификуваме во најмала рака како флексибилно. Ваквата интенција претпоставувам дека е заснована на досегашното нормативно и практично домашно искуство, но и врз искуството на другите европски земји. Мислам дека е добро што токму предлагачот-Владата го нуди тоа решение.

Ова е еден од амандманите за кои Владата не би требало да ја критикуваме, туку напротив, ваквите владини предлози навистина претставуваат солидни чекори во нашиот политички систем кои според мене имаат подолгорочен реформски карактер. Помеѓу двата антипода на државите веднаш по доаѓањето на било која власт државата да избира, именува и назначува функционери само на главните столбови на владеење или обратно од тоа, мислам дека со овој амандман ние зачекоруваме кон првиот систем. Сеуште во комбинирана форма, но која подразбира диференцирана, селективна и рестриктивна улога на Владата во кадровската политика особено во пониските државни ешалони.

Мислам дека овој амандман заедно со амандманите за Судскиот совет ќе имаат подлабоко влијание во областа на спречувањето на било каква политизација за правосудните органи, но и во времето што доаѓа во поширок обем и во останатите структури во државата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, амандманот 24 како што кажа и колегата Каме Петров ги следи амандманите 30 и 31. Битно е да се напомене дека овој амандман имаше доста дилеми, доста расправи во претходните верзии, во Нацртот и следејќи ја расправата овде во Собранието, но и јавната дебата, овој амандман полека ги претрпе оние измени и дојде до еден текст кој и според мене и пратеничката група на ВМРО-Народна партија е прифатлив. Има неколку суштински измени од она што беше претходно. Ако во Нацрт-верзијата се оперираше со термин врховен државен обвинител, овој термин е сега напуштен и си останува истиот термин Јавен обвинител на Република Македонија затоа што таа логика ја следи и Судскиот совет на Република Македонија, таква е терминологијата согласно Уставот значи, ако се зборува за Влада на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, нормално е дека и сите други институции во делот на она што значи трета власт треба да ја следат таа логика и таа пракса, така што тоа е едната новина од претходниот текст.

Другата многу побитна новина е тоа што сега предлагањето на Јавниот обвинител на Република Македонија од страна на Владата и негово избирање од страна на Собранието оди по претходно мислење од Советот на јавни обвинители кое не постоеше во Нацрт-верзијата, но сега е земено во предвид заради забелешките што ги имавме во јавната расправа. Мислам дека е тоа добро решение за да тој предлог што ќе излезе од Владата и што ќе биде изгласан овде од Собранието најлогично е да произлезе од мислење на Советот на обвинители затоа што тие сами во својата фела си ја знаат својата работа.

За мене е за пофалба тоа што реформата или измената на делот на Јавното обвинителство на некој начин ја следи и самата промена, согласно уставните амандмани и во делот на судската власт што според мене е единствено логично и

исправно оти не може да се прави промена на начинот на избор и разрешување на судии и целата работа да преминува во некој правец на самостојност и независност за да Јавното обвинителство не го трансформираме да го следи тој чекор. Тука е апсолутно логична измената во тој дел, изборот и разрешувањето на сите јавни обвинители на основните јавни обвинителства, на Вишото јавно обвинителство како и замениците исто така се изземе од Собранието, а тоа го прави Советот на јавни обвинители што сметам дека е исправно и дека зборуваме за комплетна реформа на судството и правосудството и сите судски органи тоа мора да биде во ист концепт.

Јас нема да се согласам со одредени колеги кои кажаа дека реформата на судството и на третата власт не смее да ја подразбере реформата на Јавното обвинителство, не е точно, затоа што ако политичките влијанија во начинот на избори и разрешување на јавните обвинители останат во Собранието на Република Македонија, тогаш не можеме да се ослободиме од она политичко влијание или да ја добиеме критиката дека не сме за сериозни промени во делот на самостојноста.

На крајот би кажал дека е добро што во натамошниот текст на овие уставни амандмани, следејќи го овој амандман, добро е што се напушта организацијата на Јавното обвинителство во комплет во делот на уставната регулатива и добро е што тоа ќе се регулира со посебен закон, а во уставниот термин да останат само еден или два амандмани кои ја кажуваат начелната организација. Делот на јавниот обвинител кој, заради субординацијата и хиерархиската поставеност мора да има разграничување помеѓу јавен обвинител на Република Македонија како најниска институција односно орган во таа институција и сите оние други.

Од тие причини ние како пратеничка група ќе го поддржиме овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Топузова.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, госпоѓо министер.

Сосема кратко би сакала да го искажам мислењето на пратеничката група на ЛДП по овој амандман.

Имено, повеќе околу обвинителството ќе се задржам на амандманите кои се однесуваат директно, а следат после овој за обвинтелството. Тука сакам само да кажам дека за нас не е толку важно дали ќе биде врховен јавен обвинител или јавен обвинител на Република Македонија , суштинската измена за која вреди да се посвети внимание во овој амандман е тоа што Владата го предлага јавниот обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители што беше всушност една од нашите заложби и мислам дека со ова се зајакнува улогата на Советот на јавни обвинители покрај другите ингеренции кои ќе ги добие со амандманот кој следи, амандманот 30.

Значи, ЛДП го поддржува амандманот 24 и смета дека е направена една суштинска измена во Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Што се однесува до овој уставен амандман кој, како што беше кажано и претходно е во однос на друг сегмент од областа на правниот систем како што е Јавното обвинителство се предвидува и во овој сегмент да има измени кои се во однос на самостојноста и независноста на овој сегмент од правниот систем.

Доколку внимателно се анализира во текстот на овој Предлог амандман можеме да дојдеме до констатација дека преку ова што се предвидува во текстот во иднина Јавниот обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители и со предлог на Владата во иднина така како што е предвидено ќе го предлага Владата на Република Македонија , а ќе го усвои Собранието на Република Македонија.

Тоа што е многу значајно за мене е што другите обвинители покрај јавниот обвинител на Република Македонија тие се исклучени од оваа метода на предлагање и именување што во суштина има голема тежина затоа што преку овие измени се настојува и овој сегмент да се осамостои, да стане независен од страна на Собранието како законодавен орган.

Уште еднаш сакам да повторам дека покрај јавниот обвинител на Република Македонија другите обвинители во хиерархијата нема да се избираат од страна на Собранието, туку ќе се избираат од Советот на обвинители. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците кои се надвор нека влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратеника, од кои 74 гласале за, еден воздржан, тројца против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе. Амандманот 25 е комплетно нов амандман. Кога зборувам нов амандман мислам на она што ни беше понудено во текстот на Нацртот на амандманите овој амандман не беше содржан во Нацртот на амандманите. Самиот факт дека е нов амандман не значи дека не му е местото овде, напротив јас сметам дека требаше да биде присутен во текстот-верзијата на уставните амандмани, но добро е  што предлагачот овој амандман го поднесе, го изработи по оние забелешки што излегоа во самата расправа во Собранието и од јавната расправа .

Сега, што е суштинско, што е тоа што овој амандман носи. Ако внимателно се погледа, овој амандман се однесува на членот 98 од Уставот на Република Македонија во делот каде се зборува за судството и буквално целиот текст на членот 98 е и сега содржан во овој амандман 25 со тоа што ставот 3 каде се зборува за организацијата на судството е единствена, сега е укината односно не постои во овој амандман. Можеби на прв поглед измената не е ништо значајна или можеби ќе се постави прашањето што е тоа што предлагачот се повел од еден амандман каде се брише една реченица, но јас морам да потенцирам дека токму овој дел каде се брише ставот 3 и каде се зборува дека организацијата на судството е единствена е суштинска измена во овој амандман во корелација со амандманот 20 и 21 кои ги усвоивме каде се зборуваше за можноста, покрај судовите кои вака се организирани согласно овој Устав и согласно Законот за судовите да можат одредени санкции да носат и други државни органи.

Кога расправавме по однос на 20-тиот и 21-от амандман јас во својата дискусија, но и другите пратеници се отвори една дебата во правец на тоа дали оние државни органи, организации на Управата кои сега ќе добијат надлежност да носат санкција по одредени прекршочни дела дали се стручни или компетентни, се отвори дилемата по тоа дали за таквите предмети и за полесните прекршоци или за оние прекршоци кои ќе бидат утврдени со закон кои треба да преминат во друга надлежност, покрај судската, се отвори дилемата дали не е подобро таквите дела, таквите случаеви да ги судат или решаваат специјализирани судови, специјализирани одделенија итн. итн. Значи сега со бришењето на ставот 3 од членот 98 или со увојувањето на овој амандман 25 токму тука е проблемот, токму тука со бришењето на таквата одредба се отвора можност за понатамуу со закон доколку има потреба и се воведат одредени специјализирани судови, специјализирани одделенија, или било како да ги наречам кои што утре по донесувањето на тие закони ќе постапуваат по ваквите предмети. Значи, ние сега треба да вградиме уставен основ. За тој уставен основ ќе биде категоричен да се каже само државните органи, само одредени органи на државната управа, институции итн, ќе носат санкции тука да ја затвориме вратата и да не дадеме пристап и на одредени институции односно судска власт која ќе постапува како специјализиран суд. Како специјализирано време во рамките на еден ист суд итн. Значи да не ја затвориме таа врата.

Добро е што овој амандман се стави во уставните амандмани, добро е што се дава простор за да утре со носењето на закон и нормално консултацијата и со јавноста, со експерите и овде, во дебата во Собранието да дојдеме до еден заклучок дали ќе бидат потребни специјализирани судови, специјализирани одделенија или целата надлежност во рамките, покрај на судската, да ја препуштиме на разни други државни органи. Заради ова што сега го кажувам, заради уставната можносст ко ја се дава со овој амандман да се укине единствената организација на судската власт, на судството, овој амандман за нас е прифатлив, затоа што начелно во оние неколку фази кои ги дискутиравме дававме до знаење на предлагачот дека можно е да се јават проблеми во смисла на тоа дали државните органи ќе можат коректно и исправно да ја обават онаа функција која сега ја добиваат со амандманот 20 и да отвориме можност, нормално, доколку се оцени, и со една законска регулатива за тоа да ги задолжиме одредени специјализирани судови да воведеме таква работа. Но за тоа потоа. Затоа, сега треба да го прифатиме овој амандман како амандман кој произлезе и од јавната расправа и кој што е потребен во овој момент.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко да го искажам и ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на амандман 25. Текстот на овој амандман е речиси идентичен со членот 98 од Уставот, со таа разлика што се брише ставот 3 од членот 98 во кој што јасно е кажано дека организацијата на судството е единствена. За нас сосема погрешни беа досегашните расправи за тоа дека оваа одредба од Уставот за единствена организација на судството не допуштала можност да се основаат по потреба специјализирани судови.

Ставот 5 од членот 98 од Уставот зборува и за видовите, надлежноста, укинувањето, организацијата и состав на судовите, што значи дека може да се организираат и специјализирани судови како друг вид на судови. Но смислата на ставот 5 на членот 98 од Уставот е во тоа дека

единственоста на организацијата на судовите значи дека било каков вид на судови да се организираат, тие мора да бидат и ќе бидат во единстсвената организација на судството, во единствениот судски систем. Не можат да се основаат судови надвор од единствената организација на судството. Секој суд што би бил основан со закон, а што не би бил во единствената организација на судството, ќе биде паралелен судски систем, односно ќе воспостави паралелна судска власт.

Од тие причини сметаме дека решението кое што е во моментот дадено во членот 98 дава доволно уставна рамка за да се формираат и специјализирани судови, значи воопшто нема пречка, бидејќи тоа јасно е кажано во ставот 5 од членот 98 на Уставот на Република Македонија.

Од тие причини пратеничката група на ВмрО ДПМНЕ нема да даде согласност за амандманот 25.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стаменков, повелете, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Земјоделската народна партија ќе го поддржи амандманот и ќе гласа за. Сметаме дека амандманот е добар и ќе придонесе подобро, посамостојно и независно судство. Мислам дека попрецизно се регулира оваа материја и токму во Македонија недостасуваат прецизности во регулирање на законите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи немам повеќе пријавени за збор. . .

Во меѓувреме, за збор се јави пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Во однос на амандманот 25 кај мене се јавува една дилема во точка 1 став 2, каде што стои: "Забранети се вонредните судови". Бидејќи правиме измена, со овој закон и со овие амандмани донесуваме нешто што е ново, и досега стоеше дека се забранети вонредните судови, мислам дека треба да се размисли затоа што еднаш имавме таква ситуација во која што можеби токму овие вонредни судови би придонеле таа ситуација да биде решена многу побрзо и многу поедноставно.

Значи, еден апел до министерот затоа што и во земјите со развиена демократија ова функционира кога се донесува уставниот поредок, мислам дека мора да има и вакви судови, а ние со Устав тоа го забрануваме и секој може да се повика на тоа дека вакви судови не треба да се формираат. За мене како пратеник кажувам дека тоа е дилема и мислам дека треба да се отвори расправа, во понатамошниот тек на расправата да се стигне до ситуација која реално ќе ги прикаже овие состојби, дали се потребни или не се потребни овие вонредни судови. Според мене, тие се неопходни затоа што во системот на нашата демократија и вака како што ние ја градиме, очигледно дека тоа ќе биде неопходно.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Ќе бидам многу краток господине Јордановски, затоа што сметам дека ова прашање почнавме да го дискутираме уште при прviot амандман кој се однесуваше на надлежноста на државната управа и другите организации кои вршат јавни овластувања во поглед на одлучувањето по прекршочни постапки. Тоа беше онаа дилема која и тогаш ссе искажа дали е потребно преку специјализирани судови да се реши ова прашање или пак да се остави на органите на државната управа да одлучуваат во однос на овие постапки. Ова е една ситуација во која имаме две опции истовремено. Едната опција која што беше прифатена со усвојувањето на тој амандман, односно со можноста државната управа да постапува по прекршочни предмети и ова е втората варијанта, која исто така сега се прифаќа, а тоа е постоењето на специјализирани судови за одредени области, иако во Република Македонија има специјализирани оддели во 17 основни судови ако не се лажам и мислам дека ова покажува дека се оди во една широчина во поглед на одлучувањето во однос на видот на кривичните или други постапки кои се водат пред судовите. Тоа е едната работа која што сакав да ја истакнам.

Втората работа е во однос на вонредните судови. Тие се забранети скоро во сите земји и единствено е оставено во одредени ситуации да можат да се формираат, меѓутоа, во тие ситуации кои излегугуваат од нормалното политичко живеење во тие земји. За тоа, прашањето кое што може овде да се постави е едноставно: ако се оди со специјализирани оддели во судовите, зошто тогаш се укинуваат специјализираните судови, а на овој начин, бидејќи се остава простор за специјализирани судови, тогаш специјализирани оддели во рамките на судовите фактички нема потреба да има. Затоа, сите овие прашања ќе треба да се решат со закон и се надевам дека Законот кој што овој пат предлагачот искажува дека ќе биде донесен со двотретинско мнозинство, што значи со исто мнозинство со кое се донесуваат и овие уставни амандмани, ќе значи една гаранција дека законските решенија ќе бидат во правец на создавање на целите кои ги има Владата на Република Македонија предлагајќи ги овие уставни амандмани, а тоа е создавање на поефикасно судство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дилемата и кај господинот Мавровски и господинот Стојановски се однесува

на една многу практична ситуација, која порано или подоцна ќе се случи на Република Македонија. Имено, Собранието неодамна повторно изгласа доверба на барањето од Владата за упатување на припадници на Армијата на Република Македонија во извршување на воена мисија надвор од територијата на Република Македонија. За жал, според моето скромно мислење, во досегашната судска пракса во Република Македонија, Законот не дава доволен капацитет доколку припадник на вооручените сили на Армијата на Република Македонија се најде во ситуација против него да биде покренато обвинение за недела извршени додека ја извршува службата надвор од територијата на Република Македонија. Дилемата се состои во тоа специјализираните судови дали ќе најдат свое место во подоцнежните законски проекти во функција на заштита на македонските граѓани кои во униформа служат на интересите на Република Македонија. Тоа е еден практичен проблем со кој повеќето земји членки на НАТО или земји кои не се членки на НАТО учествуваат во мировни мисии и во рамките на Светската организација понекогаш, за жал, поради природата на нивните работи и извршување на функциите се судираат. Доколку Министерството за правда ги има предвид овие забелешки, можеби ќе пронајде начин како да го зголеми капацитетот на постојната законска регулатива, пред се не поаѓајќи од тоа да докажува или не докажува вината на македонските граѓани, туку да овозможи правна сигурност на македонските припадници на вооружените сили кога се наоѓаат на извршување на мисија надвор од територијата на Република Македонија, да бидат сигурни дека правниот капацитет на сопствената земја е доволно сигурен и доволно безбеден за да може да им овозможи нивните елементарни права пред законот и пред судот да ја докажат својата невиност. Дилемата се состои во тоа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Повторно ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на предлогот на амандманот на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 68 пратеници гласале за, еден воздржано, 2 против.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Витановски, имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министер, јас ќе зборувам нешто општо, а потоа ќе се осврнам на амандманот.

Уште со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европска унија се обврзавме на реформи во правниот систем во правец на хармонизација на законодавството и примената на европското право и реформи во судството. Поставеноста на судската власт во однос на законодавната, извршната власт и нејзино ефикасно функционирање. Нашето членство во Европска унија и НАТО е условено со функционирањето на демократските институции и правната држава, при што независното и ефикасно функционирање на судството е најзначајниот сегмент кој е содржан во Копенхагенските критериуми за членство во Европска унија и кои ја потенцираат стабилноста на институциите и гарантирањето на демократијата. Нашето членство во Европска унија и НАТО е условено со функционирањето на демократските институции и правната држава, при што независното и ефикасно функционирање на судството е најзначајниот сегмент кој е содржан во Копенхагенските критериуми за членство во Европска унија и кои ја потенцираат стабилноста на институциите и гарантирањето на демократијата, владеењето на правото, заштитата на човековите права како и правата на припадниците на заедниците. За да ги исполниме овие услови и цели неопходни се измени на уставот на Република Македонија во делот на одредбите кои се однесуваат на судството и Јавното обвинителство, а заради обезбедување на самостојност, независност и ефикасност на судовите и јакнење на Уставната позиција на Јавното обвинителство. Значи еден од условите за влез во Европска унија и НАТО е донесувањето на овие уставни амандмани, а потоа донесување на законите кои произлегуваат од нив. Се надевам дека оваа историска задача и шанса, овој парламентарен состав и оваа Влада нема да ја прокоцкаат. Ова се виде и од потезот на Владата која што ги прифати забелешките на опозицијата и прифати клучни амандмани. Сметам дека овој пат и опозицијата треба да се надмине самата себе и да ги заборавиме дневно политичките потреби, а во интерес на Република

Македонија  и на граѓаните заеднички да ги донесеме овие уставни амандмани и да го изодиме патот кон Европска унија, бидејќи клучен момент е 15 декември, а клучен момент и услов за нашата кандидатура за кандидат за член во Европска унија е прогласувањето на овие уставни амандмани. Ова е наша домашна задача за сите нас и сметам дека за оваа домашна задача не треба да има позиција и опозиција и да собираме поени. Ако се залагаме, а и ако искрено сакаме да одиме кон Европска унија, овие уставни амандмани треба едногласно да ги донесеме.

Во однос на амандманот 26 сметам дека од јавната расправа и после јавната расправа, со мислењата од страна на експертите, расправата во парламентот, овој амандман во 70% од својот првобитен текст сега е со нова содржина и со поквалитетен текст, во кој се вградени забелешките од јавната расправа, а вградени се и прифатени мислењата на Венецијанската комисија и меѓународните стандарди.

Амандманот 26 во суштина сега се разликува многу од она што беше  како претходен амандман. Сега овде го немаме пробниот мандат од три години, кој беше најголемата дилема и дискусија во јавната расправа по Нацрт амандманите. Со овој амандман 26 се дефинираат основите за престанок на судската функција и основите за разрешување на судијата. Со овој амандман се предлага разграничување на основите за престанок на судската функција од основите за разрешување од судската функција. Сметам дека ова е голем напредок во однос на сегашната поставеност на оваа проблематика. Овој амандман дава поголема заштита на независноста на судовите амандманот кој што се предлага сега во овој текст ги решава двете клучни прашања: престанокот на судската функција и моментот на разрешување на судијата, при што на судијата му престанува судската функција ако тоа сам го побара, ако трајно ја загуби способноста за вршење на судската функција, што го утврдува судскиот совет на Република Македонија, ако ги исполни условите за старосна пензија, ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело сторено со умисла на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, ако е избран или именуван на друга јавна функција, освен кога судската функција мирува под  услови утврдени со закон. Во овој текст во однос на претходниот се разликува одредбата 4, која се однесува ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело, сега се вметнува "ако е кривичното дело сторено со умисла".

Во однос на разрешувањето на судијата, сега имаме нова поставеност и дисциплинската одговорност е основа за разрешување на судијата пропишана со закон. Значи, судијата се разрешува поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судската  функција пропишано со закон. Ова беше и една од забелешките на Законодавно-правната комисија и овде сега се преформулира и овој текст на Комисијата е прифатен во амандманот. Што значи поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судската функција, судијата може да биде разрешен, но пропишано со закон. Исто така, судијата се разрешува поради нестручно и несовесно вршење на судската функција под услови утврдени со закон. Значи, постапката за престанокот на функцијата и постапката за разрешување, како и постапката за избор на судијата ќе се утврдува со закон. Тоа е исто така една од големите придобивки на овој амандман. Значи, со овој амандман даваме поголема заштита на независноста на судовите, како и со овој амандман се врши разграничување на основите за престанок на судската функција и на основите за разрешување на судската функција. Се надевам дека со овој амандман ќе направиме да биде судската функција понезависна и судиите да си судат според законот и правото. Мислам дека за овој амандман бидејќи сега го нема првиот став од амандманот, а тоа се однесуваше на пробниот мандат на судиите кој што беше претходно со пробен мандат од три години. По јавната расправа и дискусиите Владата ја прифати оваа забелешка и овој дел, односно пробниот мандат на судиите од три години не се содржи во овој амандман. Сега ваков амандман се надевам дека и опозицијата ќе го прифати бидејќи овде нема ништо спорно во однос на престанокот и разрешување на функцијата судија во било кој суд.

Пратеничката група на СДСМ ќе го прифати овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,  јас ќе ја искористам можноста за општа расправа по амандманот 26 за да укажам на она што според нас е спорно и она што најверојатно ќе прави проблем при понатамошното изјаснување. Амандманот 26 е значително изменет во однос на она што го имавме како верзија во текстот на Нацртот на амандманите. Суштинската измена е во  ставот 1 од текстот на Нацртот на амандманите. За да биде појасно, јас не би сакал да оперирам со некои термини. Би го прочитал што е тоа  што сега го нема овде. Значи, амандманот 26 поднесен од Владата во точка 1 предвидуваше за судијата при првиот избор, за судија во првостепениот суд се избира за време од три години. По истекот на периодот од три години исполнување на условите утврдени со закон судијата може да биде избран без ограничување на траењето на мандатот. Да бидам искрен,  во расправата по Нацрт-амандманите ние како пратеничка група дадовме поддршка на овој амандман 26 и тоа дадовме во целина, сметајќи дека она што сега го нарекуваме пробен мандат е битна измена  во делот на она што значи некоја измена во Уставот согласно на она што до сега го имаме. За пробниот мандат, или за начинот на кој

што се регулира согласно овој став кој што сега го прочитав се дебатираше и во првата фаза за потребата од донесување на измени, да пристапиме кон измени на Уставот и тоа беше покрај оние други суштински измени кои што требаше да се направат во рамките на реформите на судството најавувано како една реформа која треба да даде резултат во смисла на инфилтрирање, односно филтрација на она што значи добро од лошо, или квалитетно од неквалитетно. Ние почитувани колеги, почитувани пратеници сите овие години од парламентарна демократија во Република Македонија при секој еден избор, или разрешување на судија овде од говорницата на Парламентот зборуваме како имаме неквалитетно судство, покрај тоа што не е ажурно, немаме доволно стручно и тн. Потоа како за сите овие 15 години сите се залагавме да дојдеме до некоја реформа која ќе оди во правец, покрај она што кажав ефикасност, поголема стручност, односно поголема компетентност кај судиите за да дојдеме до квалитетни одлуки. Неретко ни се случуваше овде од говорницата кога дебатиравме по одредени разрешувања на судии да ги разрешуваме за такви отстапки, или за такви повреди на закон што навистина си го поставувавме прашањето, имаме ли ние квалитетни судии, односно дали ни е судството во таа рамка квалитетно и дали воопшто треба да пристапиме кон некоја измена, да дојдеме до што поголем стручен кадар во самото судство, односно што постручни судии. Да не заборавиме дека Република Македонија секој ден треба да пристапи кон имплементација, или кон примена на европското законодавство за кое што е потребна и обука, за кое што нешто се потребни и доста квалитетни судии за да можат да го следат сето она што е европско и сето она што е современо. Ние почитувани колеги овде расправавме и за Закон за академија за обука на судиите. Ако добро се сеќавате во тој закон се предвидени такви новини, такви системи на обука што на постоечките судии, што на оние кои што треба да се избираат. И сето тоа оди во оној правец дека Република Македонија е принудена од она што значи имплементација на европското законодавство, ќе има проблем со едукација на судиите, односно со самата судска власт.

Каде беше проблемот и во првата фаза кога се дискутираше, каде настана проблемот и во втората фаза? Проблемот настана што се поделија мислењата. Од една страна институцијата претседател на државата, од друга страна самите судии, од трета страна одредени експерти и од четврта страна би рекол самата Влада, или предлагачот. Значи, се одеше во правец за едните дека трајниот мандат на судиите е огромна придобивка во нашиот уставен систем и дека таквата трајна придобивка треба да ја сочуваме како една многу битна придобивка и дека во тој правец не треба да менуваме ништо. Таа теза, таа придобивка, или тој факт го користеа многу други експерти покрај претседателот на државата. Така што се рашири една шареноликост и во самата јавна расправа. Од друга страна, се отвори една дилема, значи ако трајниот мандат ни е навистина придобивка, се постави прашањето дали трајниот мандат ја оправда целта. Јас добро се сеќавам дека пред кај нас да се воведе траен мандат на судиите постоеше ограничен мандат, судиите кои што се бираа, кои се реизбираа. И позната е онаа ситуација кога имавме комплетен реизбор на судиите, па кога можевме да ги обвиниме скоро сите судии дека на некој начин се обоени, затоа што комплетниот реизбор го направи тогашната гарнитура на СДСМ, тоа е во 1996 година. Потоа секое она друго избирање зависно од која власт е на позиција и тн., така што непотребно се обојуваа судиите. Меѓутоа, да не заборавиме дека тој мандат, ограничен мандат, сепак, имаше некоја контролна моќ од страна на оној што избира за добивање на повторен мандат. Меѓутоа, ако се одеше нормално и ако се одеше да се цени стручноста и квалитетот на судиите, тоа не би требало да претставува проблем.Но, со оглед на тоа што политиката навлезе и таму, се пристапи кон носење на трајниот мандат. Сите вклучително и јас во Република Македонија очекувавме дека со добивањето на траен мандат кај судиите, дека тој проблем ќе се реши, поточно ќе бидат судиите во рамките на судската власт изолирани од политичките влијанија. Но, од 1996 година до денеска, значи 2005 година се потврди дека тоа не е така. Се потврди дека и покрај трајниот мандат и покрај неможноста да правите реизбор, или избор со ограничен временски период, па како се менува политичката гарнитура, така да се менуваат и судиите, се покажа дека и понатаму постои политичко влијание и понатаму постои одреден политички притисок и понатаму судиите не се самостојни и тн. за да пристапиме кон измени на она што денеска го правиме. Иако можеби за мене е дилема и самото прашање колку е тоа политичко влијание од страна на Парламентот врз судиите. Јас и до сега сметам дека судиите имаат доволна самостојност, даречеме проста е работата, никој од Парламентот, или Собранието самостојно не може да разреши судија доколку нема предлог од Републичкиот судски совет. Значи не можеме ние тоа да го наметнеме, но тоа е тема за друга прилика. Значи, тоа е едната работа.

Втората работа, трајниот мандат потврди и докажа дека во Република Македонија кога судиите имаат комодитет во смисла на тоа дека нивниот мандат е неограничен, тој комодитет дозволи до тоа одреден број судии, не можам да генерализирам за сите, но одреден број судии навистина се покажаа доста нестручни, се покажаа неспремни, или како да се изразам можеби самото време на некој начин ги елиминира од она што значи исправно судење. Да не коментираме разни одлуки и илјадници пресуди кои што поминаа низ нивни раце за да често пати се коментираше дека трајниот мандат во овој правец не ја оправда својата цел. Тука се

размислуваше не само од страна на Парламентот, туку и од сите оние експерти што треба да се направи да дојдеме до поквалитетно, постручно судење. Да не заборавите почитувани колеги дури имавме, да не речам опомена, но една упатена забелешка и од меѓународните фактори, од Меѓународната заедницa кога дури почнаа поединечно да ни поименуваат одредени судии дека местото не им е таму, познатата црна листа и тн. Сето тоа укажува на проблемот дека сепак е потребно да има некаков филтер, сепак е потребно да постои некаков механизам кој што како што кажав на почетокот ќе го издвои она што е лошо од она што е добро, или она што е квалитет од неквалитет. Јас не можам да се сложам, но нема да се сложи не верувам никој во Република Македонија дека сите судии во Република Македонија се исто квалитетни, дека сите судии исто работат. Немате во ниту еден суд во Република Македонија, почнете од најниската инстанца дека сите внатре работат со ист квалитет. Има разлика во квалитети. А она, некој тука можеби ќе каже, па ако некој не знае да работи, или ако некој слабо работи дека ќе биде разрешен и тн. на предлог на тој што го бира. Сметам дека и тоа не го потврди самото време,затоа што многу судии беа разрешени дури и со висок процент на добиени дела, или со висок процент на реализирани, или потврдени пресуди. Според тоа, сметав дека првиот предлог во нацртот на верзијата на овој член, односно овој амандман 26 требаше да остане така како што и беше предложен со оние измени кои што произлегоа од јавната расправа во делот на престанување на судиската функција, во делот на разрешувањето.

Јас би сакал само не знам колку од пратениците го имаат текстот на нацртот, би сакал да ги потсетам почитуваните колеги дека на тој текст постоеше образложение на предлагачот. Јас би се потрудил кратко да прочитам што образложение постоеше во самиот предлог од Владата, значи кога го бранеше на некој начин пробниот мандат. Еве, јас ќе кажам она што овде ќе цитирам неколку реченици кои што предлагачот ги сметаше за исправни при предлагањето на овој амандман. Значи, неограничениот мандат на судиската функција во практика покажа повеќе слабости од аспект на неможност за филтрирање на стручни кадри, особено меѓу новоизбраните судии. Ваквото решение има своја поткрепа и не е во спротивност со меѓународните стандарди во областа на судството. Како на пример, основните принципи за независност на судството на ОН, препорака број 9412 на Комитетот на министри на Советот на Европа и Европската повелба за статусот на судиите кои предвидуваат можност за избор на судија на временски ограничен период со првиот избор кој период треба да биоде краток и кој ќе има функција на пробен мандат пред изборот со неограничено траење на мандатот. Од тие причини во мандманот се предвидува можност првиот избор на судија да биде со ограничено траење на мандатот како еден вид пробен мандат. Ова е почитувани колеги образложението кое што Владата ни го достави во текстот на нацртот на амандманот за кое што јас сметам дека е апсолутно исправно и сметам дека треба да биде дел од текстот на овој амандман 26 и ставот 1, односно точка 1 која што сега се брише. Сега претставникот на Владата сигурно би ми одговорил дека такво било мислењето на Владата. Но, таа точка што отпаднала дека е последица на јавната расправа каде што повеќе дискутанти, или повеќе учесници во таа расправа биле за тоа пробниот мандат да отпадне, или препораките на Венецијанската комисија која што е исклучително против пробниот мандат и тн. Но, јас би сакал да потсетам дека можеби еве и ние сме тие што би поддржувале помал процент на учесници во дискусијата кои исто така и од самата судска фела, значи од самите судии кои исто така го поддржуваа пробниот мандат, или првиот ограничен избор на судиите да остане во рамките на уставниот амандман. Јас ќе кажам само неколку ставови од самите аргументи кои што ни се дадени во прилог. Значи, ќе цитирам: судиите што го поддржаа ова решение истакнуваат дека судиите што се стручни и квалитетни не треба да стравуваат дека нема да бидат избрани со оглед на тоа што во иднина изборот ќе го врши орган во кој ќе доминираат членови од редот на судиите. Потполно исправно размислување. Како аргументи во прилог на ова решение беше наведен фактот дека со ова решение ќе се овозможи намалување на бројот на неквалитетните судии и вршење на судиската функција ќе им биде доверено само на најстручните, најсовесните и најодговорните судии што е цел која треба да се оствари со овој амандман. Токму она што и ние овде укажуваме, токму она што сме го предложиле во наш амандман во рамките на амандманот 26. Значи точно е тоа дека оној кој е квалитетен не треба да стравува дали мандатот ќе му биде пробен, дали тој ќе биде ограничен независно на колку години. Дури еве, ние го прифативме и размислувањето да не биде три години тој пробен мандат како што беше предложено од Владата, тој да биде поголем со оглед на тоа што такво беше размислувањето на оние кои што во јавната расправа го поддржуваа ваквиот предлог, па отидовме со пет години, за да не биде тој период краток, да не биде тој период сфатен како период за да може во краток рок да се дојде до некоја друга цел. Значи оној кој што е квалитетен не треба да стравува дека ќе биде избран, затоа што едно се заборава, изборот повеќе нема да го врши Собранието на Република Македонија, туку ќе го врши Судскиот совет на Република Македонија во кој што ќе доминираат не осум, туку девет судии од рамките на судската власт од вкупно 15 членови. Значи осум членови и еден претседател на Судскиот совет, или еден по функција претседателот на Врховниот суд кажува дека таа бројка е девет. Значи ако е тој квалитетен судија,

ако се докажал во рамките на својата работа таму каде што треба да го ценат надвор од сите политички влијанија, нема потреба никој да стравува дека тој нема да биде повторно избран, поточно нема да биде избран на траен мандат во рамките на она што значи пробен мандат. Но, една друга работа која е многу битна, самата филтрација, самата можност да се дојде до што поголем стручен кадар, што поквалитетни судии ќе си го прават самите судии. Тие ќе си кажат кој е постручен, кој понестручен, значи нема повеќе таа улога да ја прави некој политички орган, или Собранието на Република Македонија, или не знам кој друг, туку самите судии знаат, а тие најдобро знаат кој колку е стручен, затоа што секојдневно со секоја една одлука што ја носат, со самата хиерархиска поставеност на повисоки судови, судии доаѓаат до анализа на секој судија како раоти и што работи.

Плус тоа да не заборавиме дека пробниот мандат беше предложен од самата Влада да биде воведен во рамките на првостепените судови, основните судови при првиот избор на судиите. Значи после првото вработување, иако е логично решение кое што го имаме во Законот за работните односи каде што и порано постоеше и сега со препораките на европските комисии воведовме пробна работа за секој еден да може некој да го оценува односно работодавачот да може да го оценува дали се докажал или не се докажал во рамките на пробната работа за да заснива работен однос на неограничено, неодредено време. Ако таму може за секој работник не ја гледам причината зошто не би можело за еден судија.

Можеби некој од колегите ќе се обиде да ме демантира во смисла на тоа дека со воведувањето на академијата улогата на тестирање или улогата на проверката на стручноста би ја земала самата академија. Можеби држи таквата теза, но и тоа значи на некој начин пробна работа. Знам пракса во европските земји, во одредени европски земји, можеби три или четири, можеби повеќе имаат таква регулатива да преку академијата е воведен одреден пробен мандат кој што нели, тоа стручно оспособување за да се дојде до полагање или добивање квалификација од самата академија дека кандидатот кој што се обучувал таму ги исполнува условите за да биде судија. Исто трае со еден ограничен период. Значи, година, можеби година ипол, две каде што во тој период на обука треба да ги задоволи критериумите врз основа на кој што ќе добијат извесна диплома или потврда со која ќе се потврди дека тој е обучен за да може да биде судија. Значи тоа не е новина и не е точно да се каже дека пробниот мандат би бил воведен во Република Македонија, а Република Македонија е ретка земја која што таква една работа ќе ја практикува.

Значи, ако ние сега воведуваме академија она што сега како уставна категорија го внесуваме, или би го внесле со тоа што би дале уставна можност да се има пробен мандат, ние не кажуваме овде кој ќе го прави тоа. Значи, тоа со закон ќе биде решено дали тој избор прв треба да го прави академијата, дали судскиот совет и тн. Тоа може да се регулира со закон, но сепак да има одредена уставна материја, односно уставен основ врз основа на кој што на некој начин ќе се тестира работата на судиите, особено при нивниот пробен мандат.

Значи да не должам тоа е она главната забелешка што ја имаме во однос на амандманот 26. Јас како пратеник во името на нашата пратеничка група на ВМРО-Народна партија, поднесовме амандман, значи амандман во кој би се додал став 1 каде што би се на некој начин вовел пробниот мандат. И морам да кажам дека вака како што е предложено во амандманот 26, доколку не се прифати нашиот амандман, не би сакал тоа да се сфати како некоја уцена, но доколку аргументите не држат, или еве ако има аргументи кои што би биле побиени на некој начин, во овој момент значи, амандманот 26 вака како што предложен од страна на предлагачот не сме во состојба да гласаме за, а конечниот став ќе го изградиме во самата расправа, кога ќе дојде по текстот и по амандманот, и тогаш ќе дојдеме до конечен став. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџовски.

Повелете господине Витановски, три минути за реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе,

Жарко го кажа своето мислење околу амандамнот 26, но за разлика од овој амандман, па и претходниот Жарко зборуваше цело време за пробниот мандат, точка 1 од претходниот амандман за кој што и јас се согласувам да има пробен мандат, но еве сега после расправата на Комисијата, јавната расправа експертите, стручњаците и нивното мислење е дека не би требало да има пробен мандат. Во тој дел е тоа и сега имаме амандман во кој што тој дел е изоставен. Незнам зошто нема да гласаат, а не слушнав ниеден аргумент за останатиот дел од амандманот кој се однесува на престанување на функцијата односно разрешувањето. За тој дел колегата не се осврна, туку само за пробниот мандат и за неговиот амандман што го има поднесено за амандманот 26. Не се осврна на текстот кој што го имаме добиено како предлог на амандман и незнам дали аргументот е заради тоа да не гласаат за овој амандман, или е аргументот дека останатиот текст на амандманот не е во ред. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Витановски кога пратеник на пратеник се обраќа, се обраќа со господине и презимето. Јас не се лутам, мене ми е добро и да ме викаат Жарко.

Би сакал да ви укажам дека јас не кажав дека мојата дискусија заврши. Јас се задржав само на еден став на амандманот 26, кој што е избришан и за него дискутирав. Впрочем нашата пратеничка група има 13 пратеници и секој си има своја задача да дискутира за некоја работа. Така да бидете сигурни дека ќе ги слушнете аргументите и за останатите одредби, а кога ќе ги слушнете останатите забелешки ќе ви биде јасно дека не е заради тоа што не е пробен мандат, туку и за други работи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџовски.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе,

По однос на амандманот 26 нема да зборувам од политичка гледна точка, бидејќи се што било од страна на политиканство, политика во тој дел за мене е завршено, бидејќи имавме две фази и секој го кажа своето мислење, а за денеска имаме предложен амандман од страна на Владата.

Јас би се осврнал само од стручен аспект по овој амандман и би сакал да укажам на предлагачот, на министерката која е присутна, таков амандман има поднесено и мислам дека треба да го прифати бидејќи е од голема корист за подобрувањето на самиот текст на овој амандман, а исто така и за правилно решавање на таквата состојба кога престанува функцијата на судијата.

Овој амандман е поделен во два дела, првиот е начин кога престанува судската функција, кои причини и кога се разрешува судијата. Во првиот дел би сакал да укажам дека е направена грешка од тоа што беше барем досега во Уставот. Тоа е точката 4, каде што зборува ако е осуден со правосилна судска пресудан за кривично дело сторено со умисла, на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци.

Сметам дека не е потребно да стои "сторено кривично дело со умисла", туку исклучиво да стои ако е осуден со казна затвор над, најмалку 6 месеци. Бидејќи има голем број на кривични дела кои се сторени од небрежност, од невнимание, а за кое може да се изречат казни и две години и три години, ако земеме кривично дело убиство од нехат, отишол судија на лов, гу убил својот колега не сакајќи и ќе биде осуден на една казна затвор од две годин, и значи, на тој судија нема да му престане функцијата.

Барем досега во нашето законодавство, во нашето право, секој граѓанин било на кое работно место да биде, ако е осуден на активна казна затвор над 6 месеци му престанува функцијата.

Истото нешто е и на пратенидците. Ако е повеќе од шест месеци отсутен неоправдано му престанува функцијата. И не може да го сметаме ние стореното кривично дело од невнимание, бидејќи е казниво дело, носи вина сторителот, но сметаме дека тоа не е по негова вина направено, па да не му престане мандатот.

Јас би ја замолил министерката, бидејќи има еден таков амандман, да го прифати со кое нешто нема да изгледаме барем смешни, ако не друго. Неможе за кривично дело од небрежност да не му престане функцијата на било кој судија и на било кој граѓанин, ако е казнет повеше од 6 месеци. Тоа е едната моја забелешка.

Втората моја забелешка, што сметам дека требало да стои, но бидејќи не е ставена, ако најдеме услови и начин, бидејќи двете одредби каде што му престанува функцијата со разрешување на некои од судиите, кажува кои се тие два случаи, сепак стои. Тоа ќе се утврди со закон, ако може таму да се вметне ќе биде квалитет.

Инаку јас не би прифатил да, како што беше досега барем овде во овој дом, во оваа сала, да се поднесе да се разреши некој судија, предлог од Судски совет, го разрешиме без да слушнеме збор од истиот. А сега кога тоа ќе го прави Судскиот совет, да го реазреши поради овие причини кои се наведени овде, сметам дека треба да постои двостепеност во тој дел. Да се чуе или да се провери таа одлука првостепена, донесена во еден поразумен рок, а тоа нема амандман на овој дел. Сметам дека треба да има во предвид барем и Владата и министерот, кога ќе ги подготвуваме законите, да тоа влезе во законите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Има збор пратеникот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Повторно еден нестручњак за право ќе излезе да проговори, да даде сопствено видување на членот 26. Најверојатно ќе наидам на реплики од моите колеги од СДСМ. Тоа не е исто така лошо, нели, тука да се водат расправите, за да дојдеме до едно поквалитетно решение, да не кажам да се направи царски рез на судството, во една позитивна смисла и да дојдеме до што поквалитетни решенија кои ќе ја олеснат работата и на вас како Министерство, на граѓаните на Република Македонија, за да се нема сомнеж дека судиите се корумпирани и поткупени, вакви или онакви и сите можни атрибути што може да ги слушнете и на улица и во кулоари. Таквата работа постои.

За да се нема сомнеж, дека граѓанинот кога ќе отиде на суд дека судијата ќе ја изрече вистинската мерка која ќе ја процени дека е вистинска, мора да се носат квалитетени законски решенија. Тоа е функцијата и на овие 15 предлог-амандмани, кои ги дадовте со тоа што одредени амандмани се разликуваат од Нацртот кој беше поминат претходно и добиваме една сосема други верзии, како што е во членот 26.

Што да кажам за членот 26? Она што беше најбитната работа во членот 26 веќе ја нема. Тоа

е то,ј така наречен, фамозен пробен мандат кој може да го прифатиме, може да го негираме, може да го оквалификуваме како добар или лош, но во секој случај ќе делува, според мене, позитивно за да судиите сфатат дека занаетот кој го имаат, а работат со живи луѓе, претставуваат еден еснаф за респект, треба да си ја вршат сериозно работата.

Јас во мое време, кога се вработив во Фабрика "Комуна" 1979 година, исто така имав еден пробен мандат од 6 месеци, па два дена имав прекин на стажот, па ме примија во стален работен однос. Тоа јас така го разбирам. Не го разбирам со некоја зла намера. Амандманите што се поднесени не ги сфаќам како злонамерни, да се нанесе зло, или во краен случај да се опструира предлогот на Министерството за правда со овие амандмани. Го сфаќам како еден позитивен момент за да судиите не се одветствуваат неодговорно, да стекнат еден имиџ во македонската држава, на сериозни субјекти за респект. Имате случаеви во државава, ако подлабоко навлезете во таа адвокатска фела, да ви кажат кој судија колку пари зема, кој судија не зема пари, со кого може да се игра, со кого не може да се игра. За да нема таква работа, елемент број 1 е да бидат добро платени. Тоа го говорев многу пати и сеуште стојам на тоа да бидат добро платени, добро ситуирани за да не подлегнат на она што значи мито и корупција.

Пробниот мандат дали би рател пола година, година ипол, две, прашање на проценка. И , проценка на мнозинството ќе го даде сопствениот глас за или против пробниот мандат

Инаку за да некој не ме обвини дека говорев само за тоа што го нема во оваа фаза, ќе кажам исто така дека во точката 1, алинеја 1, 2, 3, 4, зборовите "сторено со умисла" исто така треба да се брише, не би требало според мене да стои. Направив и консултација со одредени правници кои, колку толку го познаваат правото, велат треба да се брише и, верувам дека во крајната верзија тоа ќе се избрише. Нема да стои како вакво.

Но, најмеродавно за моето излегување овде беше јавната расправа која ја инициравте вие, и тоа е добро што е така направено за да имате чиста ситуација, правосудниот систем да доживее катарза или прочистување во сопствените редови. Она што ќе падне како здраво, како жито да остане, она што ќе остане како кукољ, да се исфрли.

Значи, сакам да кажам, да престанеме да се повикуваме на разни конвенции, Греко групи, "ел греко","ел мињо групи", разни европски унии, ова го работиме за наше добро. Мене, верувајте, многу не ме тангира мислењето на разни меѓународни организации кои се бават со ваквите дејанија. Мене ми е битно овие закони да се во функција во Република Македонија, да се плодотворени и сето она што се води како парница во македонските судови, добие квалитетна завршница, без притоа да се обвинуваат судиите дека биле корумпирани, дека се купени, дека се митаџии и така натака, дека се продал за еден ручек. Зашто тоа се говори. Тоа е една страшна работа. Кога се работи за третата власт, судската власт. Не само во Скопје, низ цела Македонија тоа се говори. За да ја нема таа работа, мора да дојдеме до квалитетни решенија. Но притоа, пак ќе повторам, ако сакате да имате квалитетно судство, мора да бидат и добро платени тие луѓе.

Затоа сега, кога ќе дојде Буџетот, кој што ќе треба да го одредите ќе се изборите максимално за правата на судиите. Говорам во финансиски смисол. И она што значи покривање на вашето Министерство.

Значи за пробната работа во амандманот 26, во едниот дел дискутантите вела дека неограничениот мандат претставува основен предуслов за независност на судијата. До сега, ако не се лажам беше траен мандат што во превод значи неограничен мандат до самото пензионирање и веќе се создава алиби ситуација за бришење на пробниот мандат, со тоа што дел од дискутантите велат вака: "дискутантите сметаат дека иако во принцип пробниот мандат не е во спротивност со меѓународните стандарди, Македонија би била една од ретките земји што има ваков мандат". Ова да помине само кај човек кој е неук и кој нема основни или елементарни познавања на она што го пишува. Значи вие веќе во старт на јавна расправа создадовте клима за бришење на пробниот мандат кој не го условувам дали ќе биде три месеци, шест месеци, година дена, две, три, пет. Моја претпоставка е дека не треба да се претерува со тој пробем мандат па да ги влечеме луѓето со години да се докажуваат. Не сакаме еден нормален период каде ќе може да ги докаже сопствените квалитети преку разно разни предмети и пресуди и да се донесе валидна оценка дали тој судија го бива или не го бива, држи вода или не држи вода, затоа што сите не сме исти, имаме и поквалитетни судии, имаме и понеквалитетни судии, имаме судии кои имаат реноме во државата и имаме судии за кои никогаш во животот не сме ни слушнале, а во хиерархијата врвни места. Тоа е веќе интересна работа. Значи во прилог на задржување на постојното решение. Тоа е првиот став на амандманот 26. Сега говорам за вториот став на амандманот 26 кој вели дека за да се покрие таа алиби ситуација со пробниот мандат. Некои од дискутантите во јавните расправи сметаат дека ќе се остави уште поголем простор за политички притисоци врз судиите кои ќе чекаат да бидат избрани со неограничен мандат. И понатаму вели дека не треба да се занемари психолошкиот момент и изложеноста на стрес на судиите во очекување на неговиот избор, што ќе влијае на квалитетот на неговата работа и судските одлуки. Јас незнам ова кој го има ова кажабно, но можам да ви кажам наискрено дека овде 99% пратениците изложени се исто така на стресови и разни стресни ситуации. Така да ова не би сакал

посебно да го коментирам, затоа што ќе навлеземе во води кои не се потребни, а и не ми е таа намерата да влезам во расправа, но ова ако е искажано од стручен човек, од судија учествува во јавната расправа, од судии претпоставувам адвокати и еминентни имиња и разно разни владини и невладини организации, ние исто така сме изложени на стрес, исто така и рударот е изложен на стрес, пилотите се изложени на стрес, војниците кои ги праќаме во Ирак, изложени на стрес и стресни ситуации. Тие што судиите ги судат, тие па уште повеќе се изложени на стрес, па имавме еден таков случај, човекот крена рака врз сопствениот живот, говорам за Војо Михајловски, нели е тоа стресна ситуација, од една судница да излегуваш, да те чека курирот да ти даде покана за во друга судница. Во сите работи мора да се има нешто човечко, нешто човечко затоа што некој нас одозгора не гледа, јас барем така ги гледам работите, и верувам во таквата работа, искрено верувам не се фолирам, верувам дека сето она што го правиме е предодредено од некого, над нас, над обичните смртници.

И ќе продолжам повторно со овој амандман 26. Во продолжението многу дискутанти имаше по овој амандман, дискусиите негде се покриени, тоа се триипол страни, не се новинарски проред, овде имате негде преку пола саат дискусија сублимирано од прилика, колку што можам јас да видам. Значи беше интересен, имаше доста дискутанти, но се води во еден правец во она што го нудите вие како решение во членот 26, притоа бришејќи го овој пробем мандат, кој сметам дека е добар, без да определам термина, колкав треба тој да биде, за да имате вие една кристаклно јасна ситуација кои каде ќе ви играаат квалитетно, дали ќе станите играчи од Бубндес лига или ќе ставите играчи од, незнам, потсојуз. На Македонија и требаат судии од калибарот, незнам, кои ќе играат во првата англиска премиер лига. Фигуративно да се изразам. Не ни требаат судии кои играат во потсојуз, без притоа некого да увредам. Тоа го имаме и во нашата бранша како пратеници го имаме. Имате пратеници кои се борат, дискутираат, даваат се од себе, имате пратеници кои го преспиваат мандатот. Тоа е од 1990 година па до ден денес. И продолжува во контекс на амандманот 26: "како аргумент против ограничениот мандат беше истакнат и фактот што Државниот судски совет како орган надлежен за оценка на работата на судиите, секогаш има можност да го разреши судијата кој нестручно и несовесно ја врши судската функција". Сега да не одам во образлагање на членот 28, па да видиме тој судски совет кој го составува, кои се тие луѓе, дали имаат одредена политичка припадност. Не сакам да навлезам за да ви одговорам дека работите не се баш така како што се напишани овде, затоа што во амандманот 28 стои од кого се состои судскиот совет и таму се наброени луѓето кои го сочинуваат, претежно луѓе од СДСМ, според мое видување.

Она што јас го говорев околу финансискиот момент. Значи се најде некој доблесен да даде еден ваков предлог кој апсолутно треба да го прифатите, без разлика што министерот Поповски ќе скока до небо, бидејќи ги стиснал парите божем од дедому и од баба му се, од Егеска Македонија. Да ми прости и јас сум од таму, ама тие пари се на македонските даночници и тие пари има да се дадат таму каде што треба, а вие министерке сте таа која треба да се изборите за сопствениот став. Поповски божем ги вади од џеб. Значи даден е предлог, во иднина судиите кои ќе покажат натпросечни резултати во работењето, да бидат материјално стимулирани. Фала му на Бога, едно нормално решение да се види во оваа наша нормална држава. Јас се извинувам вака, но навистина едно нормално решение. Но морам да ви кажам дека ќе имате тешка работа со министерот за финансии, барем според она што како сознание го имаме дека е страшно шкрт. Ако е шкрт и во животот, не знам која е неговата филозофија на живеење. Но, овде се работи за пари на македонските даночници, а бидејќи судството исудиите се третата власт во државата, пак ќе кажам, за да бидат квалитетни и да си ја вршат работата така како што треба, треба да бидат и квалитетно платени. Тоа се однесува на сите кои се стожер на оваа држава, почнувајќи од полиција, армија, судство и т.н. Да не говорам за хаотичната фианнсиска ситуација во која се наоѓа целото наше општество затоа што некој ќе ме обвини, а не сум по тенденција овде да се препукувам со некого.

Ми падна во очи овде една реченица, тоа е во продолжение на страна 17 од истиот амандман 26 и вели вака: " Во таа смисла беше укажано дека независноста на судијата зависи од неговиот карактер и човечки квалитети, а не од образованието или обуката". Со други зборови, независен судија се раѓа, не се создава. Ставено е во наводници. Но тоа што е изречено овде, малтене, да кажам, е будалесто смешно. Па не може да биде судија ако нема правен факултет, ако нема положено правосуден испит, ако нема положено се она што утре ќе го верификува како судија. Јас не знам кои се учествувале во јавната расправа. Не е битно образованието за судија. Па што е битно? Дали јас можам да бидам судија, непознавајќи го правото? Но, затоа можам овде да говорам 25 часа без прекин, ако сакате, буквално, од една реченица да ви направам приказна која сакате да ја слушате или да ја направам виситнита, како што е. Инаку, претседателе судија не можам да бидат затоа што не сум образован за тоа, како што не може ни претседателот.

**Љупчо Јордановски:** Да, но царот Соломон немал судиски испит па бил најмудар човек.

**Александар Флоровски:** За Соломон говорите?

**Љупчо Јордановски:** Да.

**Александар Флоровски:** Јас мислев за Ел Греко.

ќе продолжам, т.е. ќе гледам да скратам, бидејки му ветив на претседателот дека мојата дискусија ќе биде десетина минути. Ќе привршам тука, да не бидам досаден. Немам навика по пет пати на една седница да станам. Тука ќе прекинам. Пробниот мандат имајте го предвид. Рокот кој ќе го одредите е ваш проблем. Решете вие кој е тој оптимален рок каде што ќе може судијата да се докаже дали е квалитетен или не, за утре да не фрлаат дрва и камења по вас затоа што вие сте носител број еден на таа позиција, како минситер за правда. Тоа како добронамерен совет. А годините, месеците, ќе си решите вие како мнозинство во Парламентот. Ние можеме да ви даваме само подршка, до колку се прифатат одредени наши решенија, а ако не се прифатат да бидеме живи и здрави, ќе видиме финалето што ќе каже, како ќе се одредеиме. Но, постои волја да помогнеме се во интерес на оваа македонска држава.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Господинот Томиќ не е тука, господинот Србиновски не е тука.

Повелете господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувана министерке , колеги пратеници.

Прашањето на престанокот на судиската функција претставува едно од централните односно исклучително значајно прашање затоа што оставањето на широк простор за престанок или за разрешување на судијата во вршењето на неговата функција може да ја дерогира целата судска реформа, што значи дека нема независност на судијата, нема стручност на судијата, нема ефикасност во работењето ако тој постојано е подолежен на можност за негово разрешување. Од овие причини сметам дека на тоа прашање треба да му се даде должно внимание затоа што избирањето на судијата, сите оние услови што треба да ги исполнува лицето кое треба да биде избрано за судија, законот за академија за судии кој исто така треба да придонесе за подигање на нивото на стручност и квалитет во идното работење на судијата, не претставува ништо друго туку само еден аргумент во корист на она што го кажав претходно, а тоа е дека разрешувањето не може да се врши на така едноставен начин, на лицата кои ги поминале сите овие фази и кои се избрани во една постапка и од страна на орган за кој сметаме дека ќе успееме да има некаква поголема независност во однос политичките центри, отколку што имаше досега Републичкиот судски совет. Затоа тука морам да истакнам дека престанокот на судската функција од разрешувањето, претставува еден добар чекор што го направила Владата, со тао што сметам дека можело и малку подобро да се дефинираат некои основи за престанок на судската функција. Тука пред се мислам на престанокот кога се остварени услови за старосна пензија затоа што сме свесни дека уставната материја за престанок на судската функција, на овој начин како што е тука наведено е предмет на регулирање на Законот за пензиско и инвалидско осигурување или Законот за работни односи, порано и на тој начин старосната пензија може да се менува согласно потребите, како впрочем и се случи со старосната пензија на членовите на Републичкиот судски совет од претходниот состав кои со промена на Законот, внесувањето на еден нов основ, со 61 глас, им престана функцијата заради нивната возраст и потоа се востоличи нов состав на Републичкиот судски совет, по мерка на оние кои тогаш го бираа. Затоа сметам дека старосната пензија, вака како што е наведена, не може да стои, туку мора да стојат години на старост. Значи ако годините на старост се 65, тогаш да стои 65 години. Ако се мисли на 64 годишна возраст на судијата ког аисполнува услови за старосна пензија, тоа треба да стои во Уставот дека со наполнувањето на 64 годишна возраст на судијата му престанува судската функција. Тоа е многу подобро решение отколку тоа решение што тука е наведено, а тоа и од причини што тоа создава и еден друг проблем, проблемот на нееднаквост на мажите и жените кои се судии, во остварувањето на условите за старосна пензија, затоа што сите знаеме дека жените остваруваат старосна пензија на 62 години, додека мажите на 64 години и на тој начин, зависно од полот, на различни години на возраст им престанува судската функција на судиите жени и на судиите мажи.

Овде, прво прашање кое може да се реши преку другите основи, значи ако сам го побара тоа, како прв основ за престанување на судската функција, тоа е прашањето на инвалидската пензија, затоа што при остварување на услови и добивање на решение за инвалидска пензија, на судија, тоа може да биде и наведено, меѓутоа подобро е тоа да биде вака како што е тоа решено, ако тоа сам го побара, затоа што со остварувањето на условите за добивање на инвалидска пензија некои од лицата можат и понатаму да ја остваруваат судската функција, независно од нивната здравствена состојба, додека други заради нивната здравствена состојба или нивниот инвалидитет нема да бидат во можност да ја остваруваат судската функција и согласно тоа сами ќе побараат да им престане судската функција.

Понатаму, она што е ново, ако можам така да кажам, во однос на престанокот на судската функција е последната алинеја каде вели: "На судијата му престанува судската функција ако е избран или именвуан на друга јавна функција, освен кога судската функција мирува, под услови утврдени со закон". Ова е во контекс на намерите на Владата да ги ангажира судиите на одредени работи кои нема да бидат компатибилни со вршењето на судската функција и на овој начин остава простор со закон да може да ги ангажира практичарите, судиите, при донесувањето на различни законски акти, спроведување на различни проекти кои се од интерес за државата,

или некои други работи кои можат да претставуваат времено ангажирање во однос на извршување на одредени наставни ангажмани.

За менување на судската функција, јас мислам дека ова прашање, пред се, или се мислело дека не е доволно тука елаборирано, ниту во јавната расправа беше доволно истакнато, најверојатно, се мисли во однос на дилемата за учеството на судиите во изборните органи.

Затоа што навистина е дилема дали за време на траењето на нивното именување или избор во изборните органи на судиите кои што се таму избрани ќе мирува судиската функција затоа што факт е дека судските совети кои што треба да одлучуваат по жалби на изборните органи на чии членови се судии, исто така членови кои што се судии на врховниот суд или на апелационите судови треба да бидат изземени од второстепеното одлучување по предметите, приговорите, односно по жалбите кои што ги имаат одлучувано во прв степен.

Значи, овде треба да се размисли, зборувам за понатаму за во законот, меѓутоа во овој дел е добро што е оставена таква можност да може судиската функција да мирува за одреден временски период. Она што е навистина главната причина за која што и најмногу сакав да зборувам во ова мое обраќање е разрешувањето на судијата. Значи согласно Уставо на Република Македонија како што сега стои, фактички судијата може да се разреши поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишаната со закон, што не е регулирано во овој дел. Значи, не е регулирана прво постапката. Која е постапката во која што ќе биде утврдено дали одреден судија има направено потешка дисциплинска повреда. Вака како што стои, таа повреда треба да биде пропишана со закон значи, да се внесе она што и досега го имаше во однос на одлучувањето од страна на Републичкиот судски совет и набројувањето на сите оние работи кои што претставуваа потешка дисциплинска повреда во вршењето на судската функција а тоа претставуваше основ, тука пред ова Собрание, многу пати да добиваме предлози за разрешување на одредени судии со образложение дека тие направиле потешка дисциплинска повреда и на тој начин го прават недостоен за вршење на судиската функција, а самото пропишување во законот апсолутно не значи постоење на ваква дисциплинска повреда, затоа што постапката за утврдувањето на оваа потешка дисциплинска повреда е основата за надминувањето на можноста да се злоупотребува ова за политички цели. Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека ова се утврдува со закон. Во овој амандман стои дека тој закон не се носи со двотретинско мнозинство како останатите системски закони за кои што е предвидено вакво мнозинство, и буквално секоја владејачка гарнитура ќе може да донесе закон во кој што ќе може да ја дефинира, односно да ја пропише, како што тука стои, потешката дисциплинска повреда и многу лесно ќе може да го разреши секој судија кој што нема да работи под нејзиниот диктат. Значи, вака како што стои, сметам дека не е доволно прецизно утврдено, заради тоа што нема утврдено постапка за утврдување за дисциплинската повреда.

Втора работа која што, по однос на овој основ за разрешување на судијата останува нерасчистена, вака како што стои во Предлог-амандманот 26, тоа е потешка дисциплинска повреда, кој ја утврдува тежината на дисциплинската повреда. Ако сето ова што сака да се преправи, затоа што има обиди тоа да се направи преку другите амандмани како надлежност на Судскиот совет на Република Македонија во чија што надлежност стои дека тој ги избира и разрешува судиите и судиите поротници, ако сака предлагачот на овие амандмани да каже дека Државниот судски совет, или Судскиот совет, како што се нарекува тука, има надлежност да утврдува тежина на дисциплинска повреда, постапка за утврдување на потешка дисциплинска повреда, тогаш тоа треба да биде децидно наведено како негова надлежност а не да стои вака отворено, затоа што вака како што стои, со закон да се утврдуваат тие работи, односно нема ниту обврска да се утврдуваат со закон, може да се појави еден степен на непрецизираност во законите понатаму а и сега во Уставот што ќе доведе до ситуации да може волонтеристички или дискреционо, како што сега зборуваме заради различни причини да се врши разрешување на судија ако тоа се овозможи ние може да зборуваме само за продолжување на оваа состојба која што ја имаме денес во судството, а тоа е постојан притисок и влијание со страв од разрешување.

Во однос на вториот основ на разрешување на судијата, а тоа е поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон. Значи овде може со 61 глас од страна на парламентарното мнозинство да се утврдат условите кои што ги определуваат, односно го определуваат нестручното и несовесно вршење на судиската функција.

Ако зборуваме за овој дел, за нестручно вршење на судиската функција, тука, бидејќи судиите судат врз основа на Уставот и законите и како што стоеше во еден од претходните амандмани, верификуваните меѓународни договори, тоа значи дека, нестручното вршење на судиската функција дефинитивно значи вршење на таа функција во спротивност со Уставот и законите и меѓународните договори кои се ратификувани во ова Собрание. Значи утврдувањето на нестручноста мора да биде врз основа на овој критериум. На друг начин јас не гледам судијата нестручно да ја врши работата, затоа што тој ако врши право раздавање, онака како што е предвидено со Уставот и законите, односно позитивните прописи во Република Македонија, не може да стане збор за негово нестручно работење. Затоа што, ако има тој самостојност во одлучувањето, секој друг судија може да каже

дека тој смета дека вака или онака можело да се предуси во конкретната ситуација и на тој начин се доведува во прашање главниот основен услов за самостојно одлучување на судијата, а тоа е донесувањето на одлуката непристрасно согласно сопствената совест и во склад со Уставот и законите на Република Македонија .

Во однос на несовесното вршење на судиската функција, исто така е оставен огромен простор во кој што може да се разреши судијата заради најразлични причини кои што можат да бидат покриени со ова несовесно вршење на судиската функција. Затоа што совесното вршење на функцијата не е дефинирано, а несовесното вршење на функцијата нормално произлегува повреда на она што е дефинирано како совест. Заради тоа, сметам дека непостоењето на дефиниција што е совесно вршење на судиската функција затоа што имавме досега случаи, ако се сеќавам добро, кога заради политичко организирање, заради нарушување на редот во однесувањето во судовите, заради нарушување на колегијалните односи во судовите, сето тоа претставуваа потешки повреди на дисциплински повреди односно влегуваа во овој првиот дел, на првиот основ за разрешување на судијата, а овде во вториот збоуваме за несовесно вршење на судиската функција што може да претставува сосема исто. Доколку несовесно ја вршел одреден судија својата судиска функција, дефинитивно тој прави и потешка дисциплинска повреда која што треба да биде утврдена, и на тој начин може под дисциплинската повреда, вака како што е наведено во алинеата 1 на овој амандман да се внесе основот за разрешување на судијата.

Да не се сфати погрешно, јас не се залагам за целосна независност на судиите, затоа што мора тие да бидат под одреден вид на контрола, надзор од страна на повисок орган, меѓутоа, не може на тој орган да му се овозможи во секакви услови, под секакви околности да може да поведува постапка за разрешување на судијата а тоа значи дефитивно девалвирање на судиската работа која што можно е да била вршена повеќе години, а истовремено и сите оние наназад стручни квалитети кои што ги имал докажано соодветниот судија, да бидат ставени настрана со тоа што некој орган ќе каже дека тој несовесно постапувал во одреден предмет, и заради тоа, заради доцнење во носење на пресуда или незнам какви други сличаи имаме, ќе бидат под удар сите судии во Република Македонија.

Да не должам многу, сметам дека ова што го зборувам пред се за остварување на она начело, односно онаа цел која што треба да ни биде основна цел во однос на овие судски реформи, тоа е обезбедувањето на независност на судството од политички влијанија, од влијанија на центри на моќ, и тука морам да ги истакнам, од влијанието кое што го имаат јавните медиуми во однос на водењето на судските постапки затоа што и медиумите се тие кои што треба да овозможат водење на една законита постапка, согласно процедурите предвидени во законите, согласно основите за поведување на тие постапки кои што се предвидени во законите на Република Македонија , и оставање на судијата самостојно врз основа на законите да носи одлука. Се друго би претставувало и еден друг вид на влијание кое што директно задира во независноста на судиите во независноста во нивното постапување, и овде можам да наведам повеќе примери кои што ги имаме во досегашните искуства еве и на други земји, кои при обидот најразлични политички влијанија да се остварат директно преку власта која што ја практицираат одредени носители на власта, или пак преку медиумите кои што сакаат да извршат одредено влијание, со цел да остварат нечии интереси. Меѓутоа, за да не должам, да не ви одземам време непотребно, тоа сметам дека ќе биде добро да се искаже понатаму, иако навистина за да може еден судија да биде независен, не треба да му даваме простор на било кој орган независно од начинот на неговото формирање и од неговата структура да може волонтеристички да носи одлуки, значи мора прецизно да бидат утврдени основите за разрешување на судијата и во однос на престанокот на мандатот треба да се дефинира она што го кажав претходно, во однос на годините на годините на старост и изедначувањето на правата на жената и на мажот судија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Јас се извинувам господине Јашари, вие бевте само петти, ама се преместија колегиве ваши, сега сте на ред.

Господине Аднан Јашари, вие сте на ред.

Како што реков, многу пати овдека се игра и шах.

**Аднан Јашари:** Нема проблеми, ви благодарам господине претседател.

Анализирајќи го овој амандман предложен од Владата со кој се заменува став 3 од член 99 во кој се говори за разрешување на судии, се сака да се постигнат неколку одредени цели, над се јас ценам дека целта би рекол, приоритетната цел е прецизирањето или да кажам појасно, разликата меѓу основите за разрешување и другите основи преку кои се прави престанувањето на судската функција е повеќе од вистина дека и разрешувањето или преку разрешувањето во суштина се прави престанок на функцијата на судијата или на судските функции, но и покрај се, по разрешувањето на судиите или по престанокот на функцијата судија, е оправдано на судиите да им се овозможи остварувањето на нивните права доколку сакаме да имаме правична постапка.

Вака како што е предложено во овој текст, во времето кога се донесе, се гледа дека овие разлики не се прават или овие разлики меѓу овие две основи правната за разрешување и таа за престанок на функцијата на судијата, додека

меѓународните стандради во оваа насока се многу јасни и прецизни и предложениот текст на овој амандман во целост се согласува со овие меѓународни стандради вршејќи ја оваа разлика помеѓу основата за разрешување и основата за престок на судската функција. Тоа што посебно го разликува овој текст од Нацрт-текстот е дека во овој текст е предвидено функцијата или да кажам пробниот мандат кој беше предвиден во Нацрт-амандманот.

Мислам дека, сигурно, предлагачот поаѓајќи од јавната расправа која се одвиваше во врска со овие уставни амандмани во кои во оваа насока имаше за и против аргументи, постапила како што постапила и во текстот го има отстрането пробниот мандат на судиите. Лично сум бил против пробниот мандат и во мојата дискусија по Нацрт-амандманот ги кажав аргументите зошто сум за пробен мандат, сега не сакам да направам осврт по однос на тоа прашање, но имајќи го предвид понудениот предлог и податоците кои се презентирани во информацијата за резултатите од јавната расправа во врска со предлог-амандманите, јас ќе го поддржам тоа што е предложено во овој амандмана и ќе гласам за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке.

Еве стигневме и до 26-от амандман. Мислам дека овој амандман и по интересот и колегите пратениците и тоа што беа забелешки на колегите од опозицијата, барем, досега, затоа што колегите од позицијата голем дел од тоа прифатија. Мислам дека се наметнуваат ситуации кои во самата јавна расправа беа дел од дилемите кои се јавија и кај стручната јавност и кај луѓето кои се дел од судствоот, но исто така и кај пошироката јавност во Република Македонија и тоа претставува еден проблем затоа што и судството како еден интегрален дел од вкупното живеење во Република Македонија, не можеме да го гледаме надвор од се ова што се случува. Затоа мислам дека некои од забелешките или определбите што беа кажани во однос на јавната расправа дека по ова, со изборот на судиите и добивањето на нивниот неограничен мандат, претставува најзначајна демократска придобивка во изградбата на судскиот систем, по осамостојувањето на Република Македонија, од кое државата не треба да се откаже, бидејќи тоа би значело враќање на судството чекор назад. Се ова вака како една флоскула, како една реченица која многу убаво звучи за увото, би било се во ред доколку вие како министер и ние како пратеници и воопшто како држава не добивме толку забелешки од Европската унија, токму на "независното" судство, затоа што токму тука ни се јавуваат најголемите проблеми. Значи судството кое е проблем, а не ова што кажавме дека изворот на еден судија со неограничен мандат е токму она што ни треба.

Јас ќе кажам една работа. Како што се судиите, така докторите, така и инжињерите и сите професионалци во своите струки, во оваа држава, сигурно дека подлежат на она што кажувате после тоа, и јас се согласувам дека мораме да направиме контролен механизам кој ќе го пороверува работењето на било кој судија. Но тука се јавува големиот проблем, заправо каде јас го гледам проблемот. Некој судија може да реши 500 случаи и да биде многу успешен судија, а во тие 500 случаи да нема ниту еден случај кој ќе бара, тука е проценката на оние што ќе оценуваат, дали во тие 500 случаи, која е тежината на тие случаи, каков е начинот на кој ќе се дојде да се донесе оценка колку е успешноста. Ако е само процентот на донесување на решение и тоа после тоа доаѓа како единствено мерило, ние имаме проблем, дефинитивно имаме проблем. Тоа се случува и кај докторите кои мора да полагаат, да полагаат и да полагаат за да можат да ги стекнат своите титули и понатаму да останат професори, доценти и да продолжат со работа. Истото се случува и со универзитетските професори, исто и со луѓето што работат во производство.

Мислам дека оној што некој ќе го докаже и го докажал и е мерливо со бројки и после тоа добие отказ од работа затоа што некој во тој момент така помислил дека е, тој стрес, значи не само судиите туку го доживуваме сите во Република Македонија, а мислам дека оние најдобрите, треба да најдеме начин да ги заштитиме било каде, дали се во државниот секотор или било каде, кои што можат да направат развој за Република Македонија. Токму тие и ни требаат и вам, во судството и на нас во државата на било кои места. И тука ќе се јави тој проблем.

Мислам дека конкретно по амандманот, ова што за мене, како пратеник говорам, имам неколку дилеми во однос на ова што значи амандман 26 вака како што го читам, без првиот дел каде што има пробен мандат, што прво беше три години, сега има предлог да биде пет години, мислам дека треба да се прифати во поглед на тоа не да се внесе страв кај судиите. Тој кој е добар секогаш ќе оди напред, барем такви се правилата на игра, ако имаме направени правила на игра. Ако ние ги немаме правилата на игра тогаш ќе дојдеме во ситуација, како што се случи сега, при изборот, судиите да имаат право да си бираат нивни советници и сега вие бирате од десет советници тој кој бил најдобар на тестовите, тој кој имал најдобри резултати, само тој не е избран. Од десет само еден, затоа што судијата така мислел дека тој советник нема да му биде од корист, а овие другите девет биле роднини или пријатели и не знам што друго.

Значи, ние со овие амандмани и вие со законите понатаму, треба да ги направите правилата на игра. А тука како што е вака, видовме дека на прадлог на Републички судски совет, се донесовме ние, како Парламент, во ситуација

некои судии и веќе да ги разрешиме, а веќе добиваат пресуди со кои што имаат право, веќе добиле право од Уставен суд или Врховен суд, каде што треба да се вратат на работа. И сега на што ќе личи тоа, како некој го толкува, а тоа е исто. Дали некој ова ќе го толкува, ова што го кажувате, јас многу добро разбирам на кој начин му престанува функцијата на судијата и на кој начин се разрешува. Но, ако ова не биде разрешено, ако ги немаме правилата на игра што значи потешка дисциплинска поврада, нестручно и несовесно вршење на рабоата, јас ве уверувам дека некој  кој не завршил работа за три месеци, ние тука го разрешивме затоа што донел една или две одлуки, а некој пет години не донел одлука. Сега, "ГОДЕЛ" помина како што помина и никој не е одговорен, никој судија, било префрлено и на крајот ќе биде курирот виновен дека не ја донел поканата.

Таквите работи треба да ги иземеме и токму тука и на кој начин го гледам сето ова.

Понатаму, во членот 1, еве директно да говорам за она што е амандманот, ако трајно ја загуби способноста за вршење на судиската функција, што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија, способноста за вршење, понатаму стои дека тој треба да биде, ако ги исполни условите за старосна пензија, за што имаше многу дилеми, мислам ако е старосна пензија, ако важат правилата што важат за сите граѓани на Република Македонија, со новиот Закон за работни односи, тоа би требало да биде 64 или 62 години старост. Ако е тоа, затоа што во јавната расправа се појавија дилеми дали да биде 65 или 70 години. Виталноста е прашање, дали може да оцени Судскиот совет, дали тоа треба да помине на некоја лекарска контрола или не знам што треба да се случи затоа што човек на 70 години, не сакм никого да навредам, веќе доаѓа во ситуација кога неговиот ментален склоп и воопшто психофизичката состојба не е онаа што тој функционирал на 50 или 60 години, како судија со големо искуство.

Во однос на ставот 4, ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело сторено со умисла на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци, овој дел "со умисла" мислам дека треба да се отстрани или да стои - на безусловна казна затвор. Дали е тоа од немарност, од небражност или не знам од што, но мислам дека овој збор "со умисла" може да помине и некое тешко кривично дело, а тука да нема умисла и едноставно да немате пресуда. Посе таа пресуда би била ослободувачка пресуда. Сигурно тоа не го посакувате.

Во однос на стресот, психолошкиот стрес понатаму во самата расправа, самите кои првиот пат го бранеа тоа за неограниченоста на изборот на судијата, ќе биде тоа што ќе го осолободи судијата од стресто, но понатаму стои една друга реченица каде што се кажува дека државниот Судски совет, како орган надлежен за оценка на работата на судиите секогаш, секогаш има можност да го разреши судијата кој нестручно и несовесно ја врши истата функција, а немаме дефинирано што занчи тоа нестручно и несовесно. Дали ова не е стрес или е стрес само првото. Ако некој функционира, функционира. Ако некој не функционира и вие сега да го ставите до крајот на животот да биде судија, дека еднаш бил избран, мислам дека одиме во многу непрактична состојба и дека токму овој период дали се случува со магистри, со доктори на науки да имаат пробен период за да можат да продолжат или да не работат. Дали е тоа Универзитет, дали е тоа болница или некоја установа, во секој случај проверките мора да стојат и мора да постојат.

Ваше е да ги поставите правилата на игра. Утврдени со закон, пропишани со закон. Тие закони, додека ги нема и додека не се знае што е што, за истата работа еден ќе биде наградуван, другиот ќе биде бркан од работа.

Понатаму, имам забелешки по амандманите што ги поднесоа колегие, но за тоа ќе говориме кога ќе дојдат амандманите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Тука ја заклучувам и денешната седница.

Продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина во 17,25 часот).